моја
# ЗЕМЈА
СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
мај 2009, број 43
цена 50 ден



ХИБРИДНИ ТРАКТОРИ

## КАЛЕМЕЊЕ БОСТАН





НОВО:
РЕГИОНАЛЕН ПАЗАРЕН ИНФОРМАТОР

КАКО ДА ГИ ЗАШТИТИТЕ ОВОШКИТЕ И ЛОЗЈАТА!?

# КАЛЕМЕТЕ ПРОФИТ!

ISSN 1857-534X

АФПЗРР: СÈ ЗА РУРАЛНАТА ПРОГРАМА







| АвтоцентарБТ Битола | Амбасадор Охрид | Ве-Го Авто Прилеп | Ко-Ко Компани Тетово | Тефо-Со Кавадарци | Ник Моторс Струмица | Инбексо Кар Гевгелија | Ми-Да Моторс Скопје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 047/203 535 | 046/262 800 | 048/433 317 | 044/350 400 | 043/412 858 | 034/340 833 | 034/218 902 | 02/3073 103 |

# Визија

1. Советниците од Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството облагородија над 2.000 диви круши „Горница" во мариовскиот крај. Му дадоа душа на нешто што оддамна сме го заборавиле. Стотина луѓе, со своите вредни раце и знаење, им го вратија духот на историските Градешница (селото на Итар Пејо), Зовиќ, Будимирци и Старавина (родното место на опеаната Калеш Анѓа). Во дводневната акција, несомнено, помогнаа многу добродушни поединци (кои со голи раце) ја разубавуваа иднината на Македонија. Помогна и Моја Земја. Се разбира, на свој начин - преку медиумско покривање на целокупната акција.

2. Овој период се калеми и бостанот. Струмичките земјоделци веќе го расадуваат и се надеваат на добар род. Навистина, импресивно. Од неродно да го сториш родно.

3. Проблемите не нè оставија ниту овој период, а така ќе биде и понатаму. Но, ние како Организација, веруваме дека тие се предизвик, а не препрека за поубаво утре. Иако млекарите не го решија својот проблем со ненаплатеното млеко и целиот сектор колабираше, ФФРМ, во рамките на своите визија и мисија, работи на тоа фармерите да ги добијат, со мака, заработените пари.

4. Ова е месец кога првпат имате можност да прочитате нови информации за регионалното земјоделство. Со помош на АгБиз, списанието Моја Земја отвори старо-ново рубрика „Регионален Пазарен Информатор", каде, само за Вас, ценети читатели, се сместени пазарни информации од целиот регион.

5. Федерацијата на фармерите во Република Македонија, овој месец, го одржува своето редовно Годишно собрание. Ќе се избере раководство (Управен и Надзорен одбор), кој со нови сили и идеи, ќе ја води нашата организација во наредните две години. Се разбира, сето тоа базирано на темелите и искуството на досегашните членови на Управниот и на Надзорниот одбор. Затоа што, добра организација своето егзистирање и успешно работење го темели на искуството од минатото, на фактите во денешницата и на визијата за иднината. А, Федерацијата има визија.



Со почит,
Тодор Стојчевски

СОДРЖИНА




Кратко
ДОЗНАЈТЕ КАКВО ВРЕМЕ НÈ ОЧЕКУВА 7

Калемење диворастечки овошки
ОД НЕРОДНО ДО РОДНО 14





Новитет
И МАКЕДОНИЈА ОСНОВАЧ НА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ХРАНА 24

Градинарство
ПАРИТЕ ЗА КАПИЈАТА ОТИДОА КАЈ ТРГОВЦИТЕ!? 35





Лозарство
НАВОДНУВАЊЕТО Е БИТНО ЗА УСПЕШНО ЛОЗАРСТВО 39


SFARM

Списанието е финансиски поддржано од Шведската агенција за меѓународен развој. Оваа помош се состои и од директно пренесување на искуствата и знаењата од фармерите во Шведска на фармерите во Македонија преку проектот Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија - СФАРМ.

ФФРМ Медија

Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број излезе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

**Моја земја**
мај 2009

**Издавач:**
ФФРМ Медија
Ул. Гиго Михајловски
бр.3, 1000 Скопје
тел / факс: 02/ 3099042
e-mail: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Број на ж-сметка:
250-0050000485-38
Банка деп.: Инвест Банка
380-1-6453333 001- 46
Прокредит банка

**Главен и одговорен уредник**
Тодор Стојчевски
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk

**Маркетинг и дистрибуција**
Благојче Најдовски, тел.: 070 937 132
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

**Извршен директор на ФФРМ**
Трајан Димковски
trajan.dimkovski@ffrm.org.mk

**Лектор:**
Верица Неделкоска

**Новинари:**
Берта Китинска, Маја Маневска, Слаѓана Стојкова, Сашко Попов, Мајлинда Ибраими, Зоран Георгиев

**Стручни соработници:**
Ристо Огњанов, дипломиран агроном
М-р Дејвид Б. Греам
Томе Тимов
Проф. д-р Драги Таневски
Ингрид Ридберг

**Соработници:**
Марија Ѓошева Ковачевиќ, Дајана Јанева, Коле Пасков, Дарко Караколевски, Стојанче Анастасов, Марија Котеска, Николче Трампевски

**Дизајн:** Бригада дизајн - Скопје

**Печати:** Пропоинт - Скопје

Почитувани читатели, сите сугестии, забелешки, прашања и критики, Ве молиме, да ги испраќате на маил адресите наведени во импресумот. Со тоа ќе влијаете на квалитетот на содржината и ќе добиете информации за ваше подобро и поквалитетно земјоделско производство или развој на средината. Затоа, редакцијата Ве охрабрува да ни пишувате.

# ФФРМ избира раководство

**Надзорниот одбор брои пет члена, со задача да ја контролираат легалноста на активностите на ФФРМ. Исто така, ја контролира и анализира реализацијата на финансиските планови и поднесува извештај пред Генералното собрание**

Пишува:
Дајана Јанева, ФФРМ

Федерацијата на фармерите во Република Македонија, на 19 мај 2009 година, ќе одржи редовна седница на Генералното собрание. На собранието ќе се претстави финансискиот и годишниот извештај за работата на Федерацијата за 2008 година.

Генералното собрание е највисок орган на ФФРМ и го сочинуваат делегати - претставници на земјоделски здруженија, сојузи и трговски друштва формирани од земјоделските здруженија. Секое здружение кое платило членарина за 2009 година има право на делегат, а оние што имаат над 100 членови, доколку платат две членарини, може да имаат двајца претставници со право на глас на Собранието. Висината на членарината за 2009 година изнесува 3.000 денари. На седницата на Собранието ќе се донесе одлука за висината на членарината за 2010 година.

Ова е изборно собрание на кое ќе се изберат нови членови на Управниот и на Надзорниот одбор. Тие имаат мандат од две години со право на реизбор. Според Статутот на Федерацијата, Управниот одбор се состои од 17 члена. Во неговиот состав, пропорционално со бројот на делегати, задолжителна е соодветна етничка, полова и застапеност на младите. Управниот одбор ги спроведува одлуките на Собранието, управува со средствата на Федерацијата и работи на спроведување на целите на Федерацијата. Ова се само дел од активностите што ги врши Управниот одбор.



# Никој не знае како се спроведува Персоналецот за доход

Пишува:
Марија Ѓошева - Ковачевиќ
аналитичар во ФФРМ

Во јавноста постои огромна неинформираност и неподеднакво разбирање за обврските и правата на физичките и правните субјекти во земјоделството од Законот за персонален данок на доход, покажа последното истражување нарачано од АгБиз. Ова не се однесува само на приватниот сектор (земјоделци, преработувачи и трговци), туку и во институциите кои се одговорни да го спроведуваат и донесуваат законот. Затоа, на терен, секој прави онака како што најдобро може да се заштити од законот, а во најголем број случаи, на нерегистрираните фармери да им се наплати персонален данок на основица од 65% од бруто приходот, односно од откупната цена (поучени од искуството на ИМБ Млекарница). Фармерите немаат информација кога и какви обрасци треба да се пополнуваат за да се пријават за паушално оданочување. Тие се уште се подготвуваат и покрај тоа што законот важи од оваа година, а речиси сме на половина од фискалната 2009.

**Фармерите немаат информација кога и какви обрасци треба да се пополнуваат за да се пријават за паушално оданочување. Тие се уште се подготвуваат и покрај тоа што законот важи од оваа година, а речиси сме на половина од фискалната 2009**

Ако институциите немаат јасни насоки, дали треба фармерот да знае подобро од нив?

Исто така, истражувањето покажа дека законите се донесуваат без меѓусебна поврзаност. Разгледувањето на законите ставени на една маса и нивното поврзување води кон многу прашалници. Особено, вклопувањето на законот за вршење земјоделска дејност, кој треба да е основа за сите кои се занимаваат со земјоделска дејност и според кој секој кој е надвор од овој закон, нема право комерцијално, да се занимава со земјоделска дејност. Од друга страна, се донесуваат олеснителни законски решенија за решавање на проблемите на земјоделците кои не се регистирани според овој закон или законот за трговски друштва, односно немаат одговорности да водат сметководство, немаат трошоци за сметководител, не доставуваат завршни сметки за кои се плаќа 1.050 денари, не плаќаат персонален данок на доход до 300.000 денари бруто приходи, не поднесуваат бруто плата.

Дали има потреба од различно третирање на разните категории земјоделци?

Регуларното спроведување на законите може во многу да се одрази врз намалување на конкурентноста кај земјоделците и преработувачите. Една од причините е и безготовинското плаќање, според кое секој земоделец кога продава на откупувачи, мора да му се префрлаат парите на сметка или да биде исплатен по фактура. Во праксата тоа многу тешко функционира, особено кога станува збор за откуп на големи пазари и продажбите се прават без договори. Односно, се прават со лица кои не се познати за фарме-

Проблемите со персоналниот данок на доход поради неговата комплексност и поврзаност со други закони ги принуди засегнатите страни (земјоделците, преработувачите и донаторите во овој сектор) да ги разгледаат сите прашања и дилеми кои се појавуваат во земјоделско - прехранбениот сектор. За таа цел, со финансиска поддршка на АГБИЗ - УСАИД, се изготви истражување од домашна консултантска куќа со цел да се направи увид во законската регулатива и состојбите на терен.

# Преговори и договори - долгови и неуспех

За да се спаси сточниот фонд, ФФРМ предлага на фармерите да им се додели сточна храна во овој кризен момент за да не ја продаваат стоката. Исто така, потребно е делење хуманитарни пакети за семејствата да може да се прехранат

Пишуваат:
Накил Елези, менаџер за членство на ФФРМ
Недим Касами, преговарач на групата млекарство

1 Федерацијата на фармерите во Република Македонија, хронолошки гледано, проблемот со млекото почна да го адресира уште од јуни лани. Начелно, почна со предупредувачи протест на млекопроизводителите од сите млекарници, ставајќи акцент на проблемите со исплатата, ниските откупни цени, кантарните белешки и лабораториските анализи на млекото. Следуваа преговори со преработувачите. Се формираа работни групи за редовни средби со млекопроизводителите, преработувачите и како фасилитатор /посредник се јави Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2 Се направија договори за средување на проблемите во млекарската индустрија преку редовни исплати - до 5-ти во месецот за претходниот месец, добивање на известувања за исплатите, кантарни белешки и слично. Речиси сите млекарници ги прифатија договорените работи како и SWEDMILK, но таа беше единствена млекарница која не го испочитува договорот за редовна исплата. Тука почна голготата на кооперантите или млечната ТАТ, која трае до денес.

За решавање на проблемот, ФФРМ иницираше средби на премиерско и на министерско ниво. Исто така, преговара(ше) со банките и сите останати релевантни институции за решавање на проблемите. Значи, иако ФФРМ не е главен носител на протестите, сепак е главен носител на преговорите со институциите. Ова докажува дека како организација не е настрана од проблемот, но не е директно ангажирана оти не може да вети сигурно решавање на проблемот поради неговата природа. Во проблемот очигледно е дека се вмешани многу бизнис интереси, од кои ниту Владата не може да најде излез. 3

Имено, фармерите кои аплицираа за субвенции за мерката директна исплата по грло говедо, се обврзаа дека ќе ги чуваат до крајот на октомври .... Но, фармерите кооперанти на СведМилк, веќе продадода голем дел од своите грла за да ги прехранат семејствата, да ги платат долговите кон банките, ветеринарните услуги и друго. Тоа значи дека поради настанатата ситуација фармерите не ќе бидат во можност да ја чуваат стоката до обврзувачкиот термин. Фармерите предвидуваат дека дури сега доаѓа тешкиот период, затоа што поминуваат грејс периодите и следува наплата на основицата на кредитите за инвестиции на фармите за производство на млеко. 4

И покрај сите преговори со институциите, ФФРМ се прашува: зошто не може да се најде механизам за решавање на проблемот кој подразбира исплата на кооперантите, спас на целиот сектор говедарство и на сите семејства кои се на работ на егзистенција. Не сме убедени дека се може да се остави на изговорот „пазарна економија" затоа што, во секоја земја, постојат заштитни механизми кога станува збор за важна гранка за земјоделците и за сите граѓани на РМ. 5

За да се спаси сточниот фонд, ФФРМ предлага на фармерите да им се додели сточна храна во овој кризен момент за да не ја продаваат стоката. Парите може да бидат и дел од Програмата за директна поддршка во земјоделството со делење на хуманитарни пакети за семејствата за да може да се прехранат. 6

ФФРМ се залага преработките од кравјо млеко да може да се продаваат на пазар, бидејќи оние што не го предаваат во млекарниците, веќе го преработуваат во сирење. ФФРМ исто така бара правно регулирање на домашното производство на производи од кравјо млеко за да не бидат продавани на пазар без одобрение.

**Едноставно се прашуваме што ќе биде со нас фармерите? Ова прашање за брзо време ќе го поставуваат и потрошувачите и пошироката јавност кои, во моментов, не се засегнати. Но, за кратко време, кога ќе дојде до уништување на стоката и ќе бидеме принудени да ги задоволуваме потребите за млеко од увоз, цените ќе скокнат а ќе пиеме млеко со којзнае каков квалитет.**

Во интерес на побрзо решавање на проблемите, ги презентираме краткорочните препораки од истражувањето и тркалезната маса одржана во Кавадарци на 19ти ај 2009 година на која учествуваа преставници од земјоделските здруженија и откупувачи:

1. Основање на работна група со претставници од сите релевантни владини институции, ФФРМ и Здруженијата на откупувачи и преработувачи при што ќе се презентираат наодите на студијата, проблемите и предложените решенија
2. Постојан контакт со претставниците на Управата за јавни приходи и Министерство за финансии за итно изготвување на процедурите и формуларите за паушално оданочување
3. Изготвување на официјален правилник за имплементација на Персоналниот данок на доход за земјоделците
4. Дистрибуција на Официјалниот Правилник за имплементација на законот
5. Изноѓање на можности за искористување на постојаниот Единствен регистер на земјоделски стопанства за одобрување на паушалното оданочување (доколку се прифати сите евидентирани земјоделци со право за паушално оданочување автоматски да добијат одобрување)

Очекуван резултат: униформно и недвосмислено толкување на сите одредби од Законот за персонален данок на доход и подеднакво имплементирање на целата територија на Македонија.

рите, а треба да се даде тешко произведениот земјоделски производ на доверба дека ќе го исплатат на сметка. Да не зборуваме за откупувачите кои доаѓаат од надвор од Македонија, вршат откуп на наши производи и заминуваат. На подолг рок, ова е и во насока на градење на доверба помеѓу откупувачите и земјоделците и намалување на трговците (особено ова се однесува на трговците кои ја поминуваат нашата граница, ги откупуваат нашите производи најчесто со подобри цени и исплаќаат на рака), но додека се развие довербата и двете страни многу ќе изгубат.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2008 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **АКТИВА (А+Б+В)** | 2007 | 2008 |
| **А.ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **5.404** | **5.971** |
| 1. Материјални вложувања | **144** | **345** |
| **Б. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊА, АВР** | 144 | 345 |
| 1. Купувачи | **5.258** | **5.615** |
| 2.Парични средства | 878 | 1.609 |
| 3.Други краткорочни побарувања | 4.224 | 3.920 |
| 4.Краткорочни финансиски побарувања | - | - |
| 5.Побарувања за повеќе платени даноци | 89 | - |
| 6.Активни временски разграничувања | 2 | 2 |
| **В. Ситен инвентар** | 56 | 84 |
| 1.Ситен инвентар | **11** | **11** |
| **ПАСИВА (I+II)** | 11 | 11 |
| **I.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | **5.404** | **5.971** |
| 1. Деловен фонд | **137** | **338** |
| **II.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ КОНТА** | 137 | 338 |
| 1.Добавувачи | **5.267** | **5.633** |
| 2.Обврски за други даноци ипридонеси | 141 | 409 |
| 3.Обврски за помалку платени даноци | 66 | - |
| 4.Пасивни временски разграничувања | 36 | 36 |
| | 5.024 | 5.188 |

. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА ДЕН 31.12.2008 ГОДИНА

| | 2007 | 2008 |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ (1+2+3+4+5)** | **13.471** | **24.492** |
| 1. Приходи од донации и спонзорства | 10.740 | 17.024 |
| 2. Приходи од членарини | 327 | 296 |
| 3. Сопствени приходи | 268 | 1.167 |
| 4. Приходи од услуги | 1.652 | 2.059 |
| 5. Пренесени приходи од претходна година | 484 | 3.946 |
| **РАСХОДИ (1+2+3+4+5+6+7)** | **9.525** | **20.761** |
| 1.Материјални расходи и услуги и амортизација | 4.775 | 17.195 |
| 2.Други расходи | 4.229 | 2.231 |
| 3.Издатоци за меѓународна соработка | 90 | 86 |
| 4.Пренесени средства на други субјекти | 108 | 278 |
| 5.Капитални и други средства | 30 | 269 |
| 6.Даноци и прид.кои не зависат од резултатот | 293 | 698 |
| 7.Вонредни расходи | - | 4 |
| **РАЗЛИКА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНА ГОДИНА** | **3.946** | **3.731** |

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Здружение на граѓани ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје заклучно со 31 декември 2008 година, како и на неговата финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Скопје, април 2009 година

Овластен ревизор
Соња Зафировиќ

Друштво за ревизија
ПРОАУДИТ ДОО Куманово
Управител
Соња Зафировиќ

Проект за комасација на земјоделското земјиште

# ЕМЕРАЛД- поттик за рурален и земјоделски развој

Пишува:
Берта Китинска

Во Македонија и во многу други земји од Источна Европа има мали фарми и распарчување на земјишните имоти што претставува пречка за рурален и земјоделски развој. За да се надмине ваквата состојба, Македонија и Холандија спроведуваат пилот-проект за поттикнување на развојот преку комасација (окрупнување) на земјоделското земјиште. Проектот ЕМЕРАЛД почна да се реализира во септември минатата година преку избор на три пилот-површини во Таор, Градиште и во Новаке.

Во Таор има обработливо земјиште во приватна и државна сопственост, во Градиште има земјиште со различна катастарска култура, шуми во приватна и државна сопственост, а во Новаке има земја исклучиво во приватна сопственост, вели Кирил Георгиевски, координатор на проектот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. „Ова се причините за избор на површините. Констатиравме дека сите се соочуваат со нерасчистени имотно-наследни процеси, денационализација и арондација", вели Георгиевски.

> Овој проект е соработка меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Македонија, Владината служба за земјиште и управување со води од Холандија (DLG), како и холандската организација за развој (SNV Македонија).

Според првичните сознанија од овој проект, 35% од испитаниците се постари од 65 години, на 50% од нив главен извор на приход им е пензијата, 68% обработуваат земја, 16% воопшто не ја обработуваат, кај 37% земјоделството им е главен извор на егзистенција. Исто така, 56% аплицирале за субвенции и 23% од нив се членови на некоја асоцијација. По откривањето на овие и на многу други проблеми ќе се пристапи кон нивно решавање за да се поттикне руралниот и земјоделскиот развој, велат координаторот Георгиевски и проект-менаџерот на организацијата DLG, Хил Киперс од Холандија.

Интернет-податоци за временска прогноза

# Дознајте какво време нè очекува?

Пишува:
Берта Китинска

Никој не може стопроцентно да ја предвиди временската прогноза во следните месец или два, но постојат интернет-портали кои даваат информации за времето во следните пет до петнаесет дена. Бидејќи ваквите информации ви се неопходни за планирање на активностите при земјоделското производство, препорачуваме да се консултирате со наредните официјални сајтови или веб страници за да дознаете дали ќе врне или ќе биде премногу топло.

1. Сајтот http://www.meteo.gov.mk е официјалната веб-страница на Управата за хидрометеоролошки работи, кој поседува податоци за временската прогноза во Македонија. Игор Смилев долго време ги следи временските прогнози на интернет и потврдува дека информациите за водостојот, ветерот, дождот, сонцето, грмотевиците и најавите за евентуално невреме на сајтот на УХМР се најточни. Покрај овој национален сајт, има и глобален сајт за време, кој нуди можност за проверка на информациите на македонски јазик.
2. На веб-страницата http://www.wunderground.com може да се добијат податоци за температурата, предвидувања за тоа колкаво количество дожд и колкав е процентот на веројатноста дека ќе врне дожд. Тука може да се погледне и архивата на податоци за секојдевната временска прогноза во последните десет години.
3. http://www.weather.com Овој портал нуди можност да добиеме податоци за времето во следните петнаесет дена, како и информација за врнежи на снег и дожд за следните три до четири дена за Скопје.






## Производството на храна мора да се дуплира до 2050 година
Свет

Светското производство на храна ќе мора да се дуплира до 2050 година за да се избегне ризикот од снемување и високи цени кои би ја загрозиле меѓународна стабилност, се вели во политичкиот документ за земјоделство од Самитот на Г8 (групата осум развиени држави). Лондонските медиуми велат дека на следниот состанок на Г8 во италијанскиот град Тревисо ќе се соберат министрите за земјоделство од САД, Канада, Јапонија, Германија, Велика Британија, Франција, Италија и Русија. Минатогодишниот состанок беше одржан во Јапонија, а поводот беше наглиот пораст на цените на храна, што доведе до неред во многу земји. „Прашањето за стабилноста на цените е клучно за светската сигурност во прехрана", се вели во извештајот и се заклучува дека е неопходно брзо зголемување на земјоделското производство во земјите во развој.



*Земјоделци произведувајте уште повеќе?*

## Намалување на емисијата на гасови во земјоделството
Свет

Намалувањето на емисијата на гасови кои го предизвикуваат ефектот стаклена градина може да се помогне со ублажување на влијанието на климатските промени, тврдат експертите. Тие повикуваат земјоделскиот сектор да се стави во центарот на тековните преговори на ниво на Обединетите нации во врска со климатските промени. Доколку се сака да се постигне целта за ублажување и прилагодување на климатските промени, меѓународните преговори мора да ги вклучат и прашањата од земјоделството, се наведува во документот на Меѓународнот институт за истражување „Политика на храната". Документот нагласува дека климатските промени ќе влијаат на земјоделството, но постои „значајна неизвесност" за тоа каде ќе се манифестираат и колку сериозни ќе бидат ефектите. Според Жералд Нелсон, секторот земјоделство испушта 14 проценти од вкупните емисии на гасови-предизвикувачи на ефектот стаклена градина.


*Да ја зачуваме земјата*

## Закон кој ги тера селаните да се школуваат
Хрватска

Хрватска, оваа година, треба да добие нов закон за државна поддршка во земјоделството каков што важи во земјите во Европската Унија. Новиот предлог-закон за поддршка предизвика многу полемики меѓу селаните. Најмногу коментари предизвика членот на предлог-законот според кој сите кои ќе примат повеќе од 36.000 куни субвенции на годишно ниво ќе мора да поминат одреден број часови во едукација. Тој предлог-закон, вели Драженка Гутзмиртл од Хрватскиот завод за земјоделско-советодавна служба при Осијечко-барањската општина, бил во согласност со законите за субвенции на земјите од Европската Унија. „Познат е примерот со Словенија, каде што секој земјоделски произведувач, во зависност со кое производство се занимава, мора да помине одреден број часови со својот земјоделски советник одговорен за неговото производство. Исплатата на државните субвенции зависи од потврдата што подоцна ќе ја добие. Во спротивно, ќе мора да ги врати субвенциите. Тоа нема да биде фарса како што мислат некои", објаснува Гутзмиртл. Таа наведува дека советниците се длабоко разочарани од одзивот на селаните за својата едукација, односно на бројните стручни предавања. Дури и референтниот принос, кој според сегашниот закон за поттикнување, мора да се оствари, но не ги мотивира селаните да се едуцираат. „Според новиот Закон за остварување на државните субвенции, повеќе не е потребно да се остварат референтни приноси, дури и користење на декларирано семе, туку селаните со повеќе од 36.000 куни субвенции годишно ќе мора да одат на едукација. Тоа се коси едно со друго. Од една страна, не е задолжително да се остварат одредени производни приноси, а од друга страна мора да се оди на едукација. Се смета дека новиот закон повеќе ќе одговара на мешетарите, а не и на вистинските земјоделски произведувачи", вели Славко Новаковиќ, претседател на Здружението на земјоделски семејни стопанства и додава дека, поради субвенциите, во системот ќе влезе и секоја ливада, пасиште, крави и слично. Со овој начин на субвенционирање ќе отпаднат повеќе од половина корисници на државна поддршка.

## Млекарите ја тужат фирмата „Ка-Милк"
Хрватска

Златко Вршак од село Шаламуновац е еден од 99-те производувачи на млеко кои ја тужат фирмата „Ка-Милк" на Општинскиот суд во Крижевци поради долг од два милиони куни. Претходно имало многу обиди од страна на адвокатот Владимир Гредељ да посредува меѓу сопствениците на фирмата и производувачите на млеко. „За жал, не успеавме, бидејќи сопствениците и покрај ветувањата, не покажаа добра волја да ги исплатат долговите. По многуте обиди, поднесовме тужба со верба дека ќе бидат санкционирани и дека млекопроизводителите ќе добијат пари", вели Гредељ, признавајќи дека досега ниту еден предмет немал толку голем број тужби. Одредени производувачи бараат од неколку илјади до 100.000 куни. Вршак, поради долг од стотина илјади куни, мора да ги продаде сите 15 молзни крави и поголемиот број јуници, бидејќи не може да ги храни.

## Производувачите на млеко без пари за отплата на кредитите
Хрватска

Повеќемесечните преговори со млекарската индустрија и Министерството за земјоделство на Хрватска околу откупната цена на домашното млеко ги доведе производувачите пред ново искушение. Новата цена која се пресметува според тромесечниот просек на цени на млекото во земјите од Европската Унија доведе многу домашни сточари до пропаст, затоа што тие земаат големи кредити со цел да ги осовременат фармите и да го зголемат бројот на молзни крави. За ова ги поддржува и државата за да ја осигура конкурентноста на пазарот, но со новата пресметка, цената значително е падната, а на исплатните листи за млеко, минатиот месец, парите се намалиле за една третина. „Се носат мерките како да сме во Унијата, а не се води сметка дека сме кредитно задолжени, условите за производство се многу потешки за разлика од оние на европските производувачи на млеко. Минатиот месец добив дури 9.000 куни помалку за продаденото млеко, а во кредит сум до гуша и ги прескокнувам плаќањата за ратите. Ја зголемив фармата за 50 молзни грла, но не го гледам излезот", вели Игор Келчец, млад производувач на млеко. Огорчени сме од млекарската индустрија, која ја искористи ситуацијата да ги преполови фабричните премии, задавајќи тежок удар на домашните производувачи. Тие, за литар предадено млеко сега добиваат и до 50 липи (4 денари) помалку, а исто така државата не ги подмири субвенциите за млеко, за растително производство и за молзните крави.




*Од протестот на хрватските млекопроизводители*

## Државната интервенција ја симна цената на пченицата
Србија

Министерството за трговија на Србија, преку државните стокови резерви, пушти во промет (во вид на позајмица) 50.000 тона меркантилна пченица. Со тоа влијаеше на падот на цената на оваа житарка. Јасно е дека оваа пченица, велат во Министерството за трговија, нема да заврши во нашите мелници и ваквата практика со резерви ќе прекине. Пред овој непромислен потег, бидејќи на лагер има 900.000 тона, цената на пченица била 12, односно 12,50 динари. Таа, по интервенцијата, падна на 10,50 динари по килограм.

Сопствениците на сè уште непродадената пченица очекуваат да се поттикне извозот на зрно и да се намалат државните залихи.

# Закана и можност за



Пишува:
Ингрид Ридберг,
Федерација на шведски фармери,
Брисел и ЕУ експерт СФАРМ проект

**Вложувањето во земјоделството е најрентабилната мерка за климатските промени, бидејќи придонесува многу повеќе и создава многу други придобивки**

### Климатските промени

Земјоделските и шумарските активности директно зависат од добрите еколошки и климатски услови и затоа, во голема мера, се изложени на климатски промени. Тие ќе влијаат врз капацитетот на земјоделството за обезбедување храна, сточна храна, влакна, енергија и екосистеми. Постојат докази дека климатските промени влијаат врз земјоделството. Содржината на шеќер во винското грозје во Алзас е зголемена во последните години поради повисоките температури. Неодамнешните невремиња предизвикаа поплави и пожари уништувајќи ги културите, а рекордно високите температури, во некои делови од Европа, поврзани со климатските промени, имаат ужасни ефекти врз водоснабдувањето и приносите. Понатамошните проценки покажуваат дека климатските промени значително ќе влијаат врз количеството дождови, достапноста на водата, покачените температури, поголемиот притисок од штетници и болести кај животните. Тоа ќе доведе до значајни промени во условите за земјоделство во Европа и во светот. Некои областите ќе имаат корист од овие промени, а некои ужасно ќе страдаат.

Се проценува дека, особено јужна Европа, ќе биде погодена од многу високи летни температури, како и недостиг на вода, што ќе влијае и врз квалитетот на животот во овие региони. Веројатно летувалците на Медитеранот ќе мора да бараат други места за опуштен и удобен одмор, бидејќи во овие области ќе биде прежешко. „Нова ривиера" може да биде дури и скандинавскиот брег, бидејќи овој регион веројатно ќе има корист од потоплите температури. Не само поради изгледите за зголемен туризам, туку и заради можноста за поголемо земјоделско производство поради поблагата клима.

Климатските промени се глобално прашање кое ќе влијае врз земјоделството на национално и регионално ниво. Оваа карта, земена од интернет страницата на Европската комисија, го покажува проектираното влијание на климатските промени во различни региони на ЕУ.

### Што ги предизвикува климатските промени?

Низ историјата на планетата, климата се менувала на драматични начини од природни причини. Она по што ова време се разликува од минатото е човековото влијание врз овие промени и врз брзината со која се јавуваат. Научните докази покажуваат дека концентрациите на јаглерод-диоксид во атмосферата, со индустријализацијата, се зголемени значително. Ова главно се должи на употребата на фосилните горива во греењето, индустријата и транспортот. Како резултат, концентрациите на јаглерод диоксид се зголемени за околу 30% од прединдустрискиот период. Метанот, кој е уште посилен стакленички гас од јаглеродниот диоксид, се зголеми за 150% од прединдустрискиот период. Ова е поради активности како интензивното сточарство, разградувањето на отпадот во депониите, разградувањето на органските материи и горење на биомасата.

Според четвртиот извештај на Меѓувладиниот панел за климатски промени (МПКП е научно меѓувладино тело формирано од Светската метеоролошка организација (СМО) и од Програмата за животна средина на Обединетите нации (ПЖСОН) и има за цел да им обезбеди на носителите на одлуки и другите заинтересирани за климатските промени објективен извор на информации за климатските промени), земјоделството е одговорно за 13.5% од светските антропогени стакленички гасови, главно преку производство на метан и азотен оксид. Метанот се произведува од дигестивните процеси кај стоката и складираното арско ѓубре, а азотниот оксид главно доаѓа од органските и минералните азотни ѓубрива и од природните

# земјоделството




емисии од почвата. Меѓутоа, во ЕУ производството на овие гасови е ограничено и опаѓа. Во моментов, околу 9% од вкупните емисии на стакленички гасови во ЕУ доаѓаат од земјоделство (пад од 11% во 1990). Во иднина, емисиите од земјоделството веројатно понатаму ќе паѓаат како резултат на сé поголемиот притисок од општеството и високите цели на ЕУ за намалување на емисиите.

**Што може да се направи - приспособување и ублажување?**

Генералната стратегија, глобално и национално, е да се намалат емисиите на стакленички гасови. Акциите вклучуваат поставување цели за количината на емисиите, зголемена енергетска ефикасност и зголемена употреба на извори на обновлива енергија. ЕУ минатата година донесе свој пакет за клима и енергија, што значи дека до 2020, ЕУ мора да ги намали емисиите на стакленички гасови за 20%, да ја зголеми енергетската ефикасност за 20% и употребата на обновлива енергија за 20% и особено биогоривата во транспортниот сектор за 10%. На 1 април ЕУ ја објави својата рамка (бела книга) за тоа како Европа треба да се приспособи на климатските промени. Книгата се фокусира на тоа да ја интегрира климата во сите тековни политики на пример Заедничката земјоделска политика и ќе ги надополнува и координира акциите на ниво на земји-членки.

Земјоделство треба и да ги ублажи и да се приспособи на климатските промени. Поради биолошките процеси на кои се потпира земјоделството, постојат ограничувања на тоа колку земјоделството може да ги намали емисиите. Бидејќи се очекува побарувачката за храна и енергија да расте, тоа значи дека земјоделската продуктивност мора да се зголеми. Така, всушност, емисиите од земјоделството се очекува да растат. Сепак, има многу мерки во земјоделството за да се ограничи неговото негативно влијание. На пример, зголемување на употребата на обновлива енергија, подобро управување со арското ѓубре и промена на методите на сточарење итн. Земјоделство ќе мора да биде подготвено за промените што доаѓаат и затоа, земјоделците треба да се добро информирани за последиците од климатските промени за да можат, на пример, да изберат различни или нови култури, нови раси стока и да користат подобри методи на управување со водите. Исто така треба да има и доволно безбедносни мрежи и системи на осигурување за земјоделците. Како заклучок, ова значи дека мора да се донесат политики за земјоделство. Во тековните разговори за буџетот на ЕУ ова може да биде аргумент за задржување или дури и зголемување на буџетот за земјоделство.

Земјоделството има голема можност да придонесе за решавање на климатските промени. Преку производство на обновлива енергија и енергија пријатна за климата од енергетски култури, остатоци од култури како слама и арско ѓубре, земјоделството може да даде значаен придонес. Исто така можно е да се складира јаглеродот во земјата (заробување на јаглеродот), а и светските шуми имаат огромен потенцијал.

Многу земјоделски организации, како европската земјоделска организација Копа Кожега и меѓународната ИФАП, при донесување одлуки, напорно работат на пробивање на земјоделството, високо на агендата за клима. Досега некои разговори и документи не го земаа, целосно, предвид потенцијалот на земјоделството за ублажување на климатските ефекти, а и не ја разбираат мултифункционалноста на земјоделството. Има извештаи кои покажуваат дека вложувањето во земјоделството е најрентабилната мерка за климатските промени, бидејќи земјоделството придонесува многу повеќе и создава многу други придобивки. Земјоделството не само што го снабдува светот со храна, сточна храна, влакна и енергија, но и екосистеми и рурален развој и тука лежат вистинските можности за озеленување на економијата.

Во декември годинава, по Кјото, ќе има меѓународни преговори за климата во Копенхаген. Очекувањата од овие разговори се големи, т.е. се очекува светската заедница да постигне нов и амбициозен договор, а многу Влади ја ставаат климата како нивни врвен приоритет. Преговорите за климата ќе се случуваат за време на шведското претседателство со ЕУ и затоа климата е приоритет за Швеѓаните. Ќе биде многу важно овие преговори правилно да ја земат предвид улогата на земјоделството во климатските промени.

# Поблиску до земј



Советникот му помага на земјоделецот во целокупниот процес на работење со совети. И мислам дека сме без конкуренција во оваа област, посебно затоа што земјоделците не плаќаат за услугата што ја добиваат

Разговарал: Тодор Стојчевски

**Дипломираниот инжинер агроном Јордан Кузмановски, веќе една година, е на чело на Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството. Овој лозаро-овоштар од Битола, првото свое вработување го имал во градежна компанија, а од 1999 година, станува професор по земјоделски предмети во средното земјоделско училиште „Кузман Шапкарев". Од пред неколку години го назначуваат за директор на ова средно училиште, а овој педесетгодишен битолчанец, родум од село Рамна, функцијата директор на АПРЗ ја сфаќа како можност за нејзино етаблирање во општеството и уште поголемо доближување до земјоделците**

**• Кога и како е формирана Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството?**

- Агенцијата, првпат, е основана во 1998 година. Десетина години подоцна, во неа работат 138 лица. Од нив, 105 се советници (дипломирани агрономи и сточари), кои се поделени во шест регионални центри Битола, Тетово, Скопје, Куманово, Штип и Струмица. Под овие регионални центри има уште 30 работни единици и 29 дисперзирани канцеларии на Агенцијата.

**• Нели мислите дека ваквата голема разгранетост претставува пречка за нормално функционирање на една институција?**

- Напротив, тоа значи поблиску до земјоделецот, односно навремено информирање за сите потреби на земјоделците. Интересно е тоа што главната канцеларија на АПРЗ е лоцирана во Битола и ова е единствена јавна институција која не се наоѓа во главниот град на Македонија. Локацијата е избрана поради тоа што речиси 80% од обработливата површина во земјава е во пелагонискиот регион. И овој факт, лоцираноста на институцијата надвор од Скопје, е предност затоа што како организација имаме поголем и подиректен надзор над случувањата во секторот земјоделство. Исто така, ова не претставува проблем за комуникација со централните власти, туку се поголемо продлабочување на соработката со ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и со Владата на Република Македонија.

# оделците




Списанието „Моја Земја" доби Благодарница за учество во акцијата за калемење - „Облагородување на дивата круша - Горница во Мариово" од Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството во Република Македонија.

**• Како вашите советници доаѓаат до земјоделците или како им помагаат на теренот?**

- Секој советник од Агенцијата, од сите работни единици, подготвува план програма за тоа што ќе работи наредната недела и доставува извештај за тоа што го сработил изминатата недела. Така тие, во текот на неделата, најмалку еднаш или двапати (по потреба и повеќе) доаѓаат во контакт со земјоделците. Освен тоа, канцелариите во работните единици секогаш се достапни за земјоделците. Третиот начин на контактирање меѓу советниците и земјоделците е на терен (на лице место) каде заеднички разговараат за проблемите, дилемите и идејате за земјоделска активност.

**• Што добива земјоделецот од вашата институција?**

- Бидејќи сме советодавно тело, тој добива совети за тоа дали да почнува одредена активност во земјоделството, со какви услови се соочува, стручна помош околу анализа пред и во текот на работењето на земјоделецот. Едноставно, советникот му помага на земјоделецот во целокупниот процес на работење со совети. И засега, мислам дека сме без конкуренција во оваа област, посебно затоа што земјоделците не плаќаат за услугата што ја добиваат. Ние сме буџетска институција со обврска да го поттикнува развојот на земјоделството.

**• Како се справувате со напливот на земјоделци во овој период на аплицирање за субвенции?**

- Агенцијата, целосно, им помага на земјоделците во процесот на аплицирање за добивање државна поддршка. Земјоделците, со помош на советниците, повторно бесплатно, ги потполнуваат сите потребни формулари за добивање пари. Исто така тврдам дека земјоделците се задоволни од прифатеноста и од услугите што ги добиваат во нашата институција.



*Помош и за земјоделците и за овошките*

**Моментално се наоѓаме во битолскиот дел на Мариово, во селото на Калеш Анѓа - Старавина. Зошто спроведувате акција за облагородување на околината?**

- Преголемата лична желба за облагородување на дивата круша „Горница", која ја има во изобилство во овој крај, беше мотивот АПРЗ да пристапи кон реализирање на оваа акција. Таа започнала пред 45 години, а денес за првпат, Агенцијата повторно го продолжува облагородувањето на природата. Со моите советници - дипломирани инжинери, заедно со ученици од средното училиште, студенти од Факултетот за земјоделски науки и храна од Скопје и со мештаните, успеавме да облагородиме над 2.000 диви круши за два дена. Почнавме во Старавина, Зовиќ, Будимирци и Градешница (селото на Итар Пејо), но тоа не значи дека следната година нема да ја реализираме акцијата на друга локација во земјава. Акцијата за калемење ја помогнаа многу спонзори (РЕК Битола, Народна техника, стовариште Космос, сувомесната индустрија Шеровски, Кандико (магацин за храна), Институт за сточарство, многу други фирми и индивидуални земјоделци.

Во оваа област сум калемел и претходно, како професор во средното училиште. Слободно велам дека сум имал голема успешност од 95% зафатеност на калемите, кои оваа година, веќе се родни за првпат. Се надевам и очекувам уште поголем процент на зафатеност од оваа акција, а родноста ќе ја почуствуваме по три години.

Акцијата има стопанско и економско, но пред се хумано значење. Со неа сакаме да ја намалиме миграцијата од овие области, да создадеме услови за подобар живот на населението, развој на крајот, да дадеме придонес и да кажеме дека АПРЗ, заедно со МЗШВ и со Владата, мисли на развојот на руралната средина и дека таа средина не е заборавена.

# Од неродно до родно

**Во зависност од дебелината на дрвото може да се калемат 1, 2 3, дури до 8 гранчиња, а растојанието меѓу нив треба да биде минимум 7 сантиметри**

Калемењето почнува со кастрење - прочистување на долните гранчиња на овошката. Пожелно е да се остави хранилка заради рамнотежа на коренот со калемениот дел од овошката што се калеми. Дрвцето се сече и се подрамнува кората. Се зема здраво калем гранче, односно најдобрите папки од гранчето. На него се прави надолжен прав пресек долг 1.5 од дебелината на самото гранче. Калем гранчето се става во 1% раствор шеќер и вода. Замена за овој раствор е плунката (калемарот го става на јазикот). Се прави вертикално засекување на кората, а потоа се става калем гранчето под кората. Таа добро се врзува со манила (конец). На крајот, со калемарски восок, се премачкуваат сите отворени пресеци при калемењето. Се премачкува конецот со кој се врзува, како и врвовите на калем гранчињата.

Калем гранчињата, во текот на зимското мирување, се земаат од саканата сорта. Мора да бидат земени од родна овошка. Исто така, мора да бидат земени од страничните надворешни гранчиња на овошката, кои во вегетацијата, биле изложени на сонце. Значи, да бидат добро созреани, исхранети и не подолги од 60 сантиметри. Се внимава да не се земаат гранчиња т.н. водопии, како и гранчиња од внатрешноста на коронката (стеблото на овошното растение), вели дипломираниот инжинер агроном Васил Апостолов, советник во АПРЗ Радовиш.

Калем гранчињата се чуваат во песок, трапови и сандаци во засенчено место, каде што нема присуство на сонце. Се покриваат со 10 до 15 сантиметри ситен песок или струготини од дабово дрво, на кои, на извесен период, им се додава одредена количина вода (прскање) за одржување константна температура и влажност се до денот на калемење. Пред самиот ден на калемење, калемите треба да се проверат. Доколку се овенати, тогаш се ставаат во вода за да се поврати тургорот- нивниот внатрешен притисок на клетките на калем гранчињата.
















1. подрамнета кора
2. вметнување калем гранче
3. вметано калем гранче
4. стегнати гранчиња до подлогата за подобро прифаќање
5. премачкување со калемарски восок

Заштита во лозарството

# Ефикасно против болести на лозата

Пишува:
Ристо Огњанов
советник во АПРЗ - Штип

Без соодветна хемиска заштита на лозата не може да се замисли производството на грозје. Зголемувањето на лозовите насади ја наметнува потребата од поголемо производство на грозје по единица површина. За таа цел, потребно е добро да се знаат болестите и штетниците кои ја напаѓаат лозата и како ефикасно да се спречат. Најзастапени болести на лозата се пепелницата, пламеницата, ботритисот, црната дамкавост и други. Од штетните инсекти најзастапени се сивиот и жолтиот молец. Третирањето против овие болести може да биде превентива и тоа е најдобра мерка кога станува збор за примарни зарази. Третирањето се врши во повеќе фенофази. Прво, должина на ластарите од 10 до 15 сантиметри. Второ, третирање пред цветање, после прецветување и потоа, секое наредно прскање, е на 15 дена од претходното до почеток на зреење на грозјето. Средствата за заштита се контактни и системични и затоа многу битно е да се внимава на концетрацијата на растворот за прскање. Апликацијата се спроведува наутро и попладне, а не при екстремно високи температури бидејќи ефектот ќе се намали. Од фунгициди, препорачливо е да се користат фолпет, ридомил, бајлетон, антракол, тилт, рубиган, цирам, цинеб, каптан и други. А од инсектицидите, се користат децис, фенитротион, хроморел актара, сумицидин и други. Рониланот, сумилексот и кумоланот се користат за заштита од ботритис се користат.



*Пламеница на лоза*

Заштита на овошните насади

# Следете ги овошките!?

Топлата клима и врнежите во изминатиот период имаа поволно влијаније врз појавата на болести и штетници. Затоа, во овој месец, потребно е да се следат овошките за навремено откривање на појавените болести и штетници. Најчести болести кои може да се сретнат во нашите климатски услови кај јаболчестото овошје се: красттавоста, пепелницата, пламеницата, сивата пегавост, гниењето, црната дамкавост и други. Од штетните инсекти се лисните вошки, болвите, штитестите вошки, крушкината оса, јаболковата крвава вошка, минерите и друго. Додека кај коскестото овошје карактеристични болести се монилијата, сачменката, пегавоста и друго, а од инсекти, карактеристични се лисните вошки, болвите, црешовата оса, црешовата мува, сливовата оса, калифорниските и штитасти вошки... Периодот на третирање зависи од видот на овошките, временските услови и фенофазите на развој. Така, кај јаболчестото овошје ја имаме следната заштита: прво третирање во фенофаза, бабрење на папки, второ третирање фенофаза бели кокиц, трето третирање пред цветање, четврто третирање 15 дена после цветање, петто петнаесет дена после претходното, шесто. кога плодовите се со големина на орев. Додека кај коскестото овошје би ги имале следните третирања: прво бабрење на папките, второ после цветање, трето после процветувањи и четврто во фенофаза прошарок. За спречување на болестите се користат фунгициди како Цирам, Каптан, Ридомил, Фолпет, Хорус, Тилт и други. За спречување на инсектите се користат инсектицидите како: Хроморел, Децис, Актара и друго. На крајот би напоменал дека за секоја појава на болест потребна е навремена заштита со соодветен пестицид.



*Кадравост кај праска*



*Гасеница на јаболков молец*

Република Македонија

Универзитет "Св Кирил и Методиј"

Факултет за ветеринарна медицина

# ДОКТОР

## ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА



# ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ!

важни

# Податоци за упис ФВМ



- Без приемен испит
- Сите предмети - широк избор на матурски предмети
- 80 научни дисциплини

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ВРАБОТАМ?

- Образование
- Сопствена амбуланта
- Ветеринарна инспекција
- Прехранбена индустрија
- Фарма за мали и крупни животни
- Министерство за земјоделство
- Веледрогерии и др.





# КАКО ДА СТАНАМ ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

## Каде да се информирам

- Студентски прашања при ФВМ
  ул.Лазар Поп Трајков 5/7
  1000 Скопје, Р.Македонија
  Тел: +389 2 3240 774
  Фах: + 389 2 3114 619
- Отворен ден на ФВМ
- 
- www.fvm.ukim.edu.mk

# ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ

Нема невработени ветеринари







## 10 стипендии

- Регулирана професија по европска директива

# Што добивам како студент на ФВМ

- Европски кредит трансфер систем
- Мобилност во Европа и светот
- Учење на далечина - (e-learning)
- Современи лаборатории за здравствена заштита на животните, безбедна храна, млеко, радиоактивност, биотехнологија.



Република Македонија
Универзитет "Св Кирил и Методиј"
Факултет за ветеринарна медицина

# ЗОШТО САКАМ ДА БИДАМ ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

- Ги сакам животните
- Се грижам за здравјето на животните и луѓето
- Здрава храна



# Македонија е сиромашна со вино во шишиња




*Придонес кон винската култура и традиција*

Виното е цивилизациска придобивка за човекот преку која тој се инспирира, спријателува, ја гради својата културна традиција, се дружи и љуби, вели професорот Мишо Христовски, автор на книгата „Вино - култура и традиција". Според него, на македонското поднебје му недостигала литература со популистички карактер за виното, образложувајќи дека книгата нема тенденција да навлегува во стручните и винарски компетенции, туку само да даде придонес кон подигнување на нивото на винската култура. „Во Македонија треба да се зголеми пристапноста до наливното вино во ресторанитe оти денес 90% од него се извезува. Можеби треба да има и во самите продавници каде што сега може да се купат само скапи вина во шишиња. Македонија е сиромашна со вино во шишиња", вели Христовски. Овој професор, исто така, предлага да се снижат цените на виното во шишиња објаснувајќи дека тие ги одбиваат купувачите. И, вели Христовски, потребна е поголема и почеста промоција на винаријте и сортите вина во земјава, како и развивање на винскиот туризам.

На 300 страници, во осум поглавја и преку 500 фотографии, се опишани сите неопходни информации за виното, начинот на добивање, поважните сорти грозје, винската култура и чекорите на дегустација на вино. Накратко е опишан историјатот на виното и присутноста на виното во народното творештво, македонските вина и нивните карактеристики.

Едноставно, книга за секој дом!



# Да се спречат штети

**Доколку заболеното или угинато животно се одземе од фармерите, тогаш следува обештетување по пазарната вредност во моментот на одземање**

За да се заштити здравјето на луѓето, на животните и за да се избегнат сериозни економски штети, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува Годишна наредба за здравствена заштита на животните. Со неа, како што објаснува Тони Киранџиски, раководител на секторот за здравствена заштита на животните во Управата за ветеринарство, се наведува кои мерки ќе се спроведат во текот на годината за да се заштити здравјето на луѓето, на животните и да се спречат катастрофални штети. „Секоја година листата на болести е иста, но доколку се јави потреба, таа се менува. Вообичаено, се носи при крајот на годината за следната година. Според, Законот за ветеринарно здравство сме обврзани да ја носиме оваа наредба и да се направи листа на болести кои ќе се третираат. Оваа листа ја прави Министерството", вели Киранџиски.

## Пари за докажување на болеста

Со Наредбата, се носи и програма за користење средства за здравствена заштита на животните. Повторно, неа ја носи Владата, а ја предлага Управата за ветеринарство. Но, тие пари не се наменети за обештетување на сточарите, туку за испитување и докажување на болестите и покривање на сите трошоци околу овие активности.

## За некои болести се грижи фармерот

Постојат болести кои не се опфатени со оваа листа, иако може да причинат огромни штети. За нив, треба да внимава самиот сточар. Пример, ентеротоксенија. Од неа, вели Киранџиски, може да дојде до угинување на јагнињата, иако тоа се спречува со вакцинација. Сточарот треба да ги вакцинира грлата, а доколку не го стори тоа, штетите сам ги плаќа.

Доколку заболеното или угинато животно се одземе од фармерите, тогаш следува обештетување по пазарната вредност во моментот на одземање. Според Киранџиски, постои Упатство за тоа како се пресметува висината на обештетувањето и како се прави проценката на штетата.

Т. С.

# Плаќаат за дезинфекција без да ја продадат стоката

Пишува:
Маја Маневска

Голем дел од кумановските фармери се жалат дека покрај останатите давачки за одгледување добиток, дополнително плаќаат за дезинфекција кога изложуваат стока на добиточниот пазар во Куманово. Сточарите тврдат дека за ваква намена треба да издвојат по 100 денари од возило при влезот на пазарот. Со ова, според нив, се изложени на плаќање без разлика дали ќе го продадат добитокот или ќе го вратат назад. Ваквата давачка во државава се наплаќа единствено на добиточниот пазар во Куманово. „На влезот, кога минав со приколката, морав да издвојам 100 денари, иако продавав само едно грло добиток. Секако, ваквата давачка пречи", вели Иван Ѓорѓевиќ од село Матејче. Со него се согласува и колегата Раде Јовановиќ од Карабичане, кој додава дека водата преку која поминуваат на влезот од пазарот е валкана, а тие мора да плаќаат. Исто така, вели дека му пречи и непристапниот мост по кој се минува за да се влезе во пазарот, а особено е тешко за минување во летниот период кога има и поголеми турканици. „Стоте денари ги издвојувам за ништо. Нема потреба за вакво нешто. Пари даваме насекаде, а од друга страна, цената на млекото што ја добиваме е многу ниска", вели Исман Шаќири од Романовце. „За дождовница не даваме пари", револтирано говори друг сточар, Јовица Ѓуриќ од село Тромеѓа.

### Наплаќале по налог на МЗШВ

Кумановското јавно претпријатие „Пазаришта", покрај со останатите пазари во градот, стопанисува и со овој во селото Долно Коњаре, кој работи само во саботите. Оттаму истакнуваат дека се работи за еден од најуредените пазари од ваков тип во Македонија. Опремен е со вода, тоалет, како и со боксови за добиток и поила. Располагаат и со утоварно-истоварна рампа, баждарни ваги и санитарна бариера. „Генерално, се работи за проблеми кои се присутни на добиточните пазари. Од една страна се прописите што ги носи Министерството за земјоделство, односно Управата за ветеринарство, која налага добиточните пазари да бидат во состав на организации од областа на ветеринарството, односно оние кои водат матична евиденција на добиточните стада. Од друга страна, како организатори на пазарите имаме вложено многу средства во инфраструктура и опрема, а сме ставени во подредена положба. Сето тоа не овозможува рентабилно стопанисување и, во принцип, тоа носи и загуби. Ние, како Пазаришта, не наплаќаме за влез во пазарот за користење на т.н. заштитна брана за дезинфекција, туку таа работа е по налог на Министерството за земјоделство, Управата за ветеринарство, а ја врши ветеринарниот центар „Тодор Велков" од Куманово, вели Трајче Трајковски, директор на ЈП Пазаришта од Куманово.

## Се прават проверки против болести

Од Ветеринарниот центар велат дека сточарите не се први кои реагираат на ова (бидејќи тие ги знаат придобивките), туку тоа го сториле препродавачите. „Сто денари се наплаќа влез на пазарот со транспортно возило при поминување на санитарната бариера. Со ваквиот начин на работа водиме евиденција на возилата што влегуваат, но и доколку се појават болести, се вршат проверки. Вака се штитиме со тоа што не може да се изнесе добиток од градот без да има санитарна заштита", вели директорот на центарот, Јовица Стојковски. Според него, се работи за стара одлука која е во согласност со Републичкиот ветеринарен инспекторат.

## Уникатен пазар за добиток

Добиточниот пазар се протега на површина од 4,5 хектари и е комплетно приклучен на комунална инфраструктура, канализациона, водоводна и електрична мрежа. Се разликува од одредени добиточни пазари во државава, каде што добитокот сè уште се врзува за дрвја, на ледина, без вода и боксови. Поголема фреквенција пазарот бележи кога традиционално се продава добиток за време на верските празници.



*Сточарите плаќаат и за дезинфекција*

# Заедничко пасење

**Интересно е тоа што повеќето сопственици ги пуштаат кравите на организирана испаша, при што со нив одат двајца говедари. Значи, за секое грло говедо оди по едно лице**

Пишува:
Слаѓана Стојкова

Стевчо Иванов е еден од многуте фармери од село Виничани кој секое утро ги пушта своите четири говеда на пасење. Интересно во овој крај е тоа што повеќето сопственици на речиси 70 селски грла ги пуштаат кравите на организирана испаша при што со нив одат двајца говедари. Значи, за секоја глава говедо оди по едно лице. Иванов раскажува дека в зима, околу 6 часот наутро, им дава сено и крма на своите четири крави. Вели, за да не пасат на гладно оти росната и осланета трева може да им наштети на нивното здравје.

### Збирно место - Говедарник

Откако ќе ги нахрани, тој ја пакува својата торба со храна и со останатите селани ги истеруваат кравите. Сите се собираат на местото нарекувано Говедарник. Потоа ги напојуваат со вода од реката и природните извори, а сопствениците се враќаат дома. Во друштво со Стевчо, овој пат оди неговиот сосед Трајче Николов. Тој има една крава и со еден ден на испаша ја исполнува нормата за пасење. Или, како што велат мештаните, си го одредува редот.

## Телење на планина

Пред кравата да се отели, домаќинот ја остава дома една до две недели. Исто така, таа останува дома и по отелувањето, за да не се повреди или отели во полето. Доколку се случи таа да се отели додека е на паша, тогаш говедарот му јавува на сопственикот да најде трактор и да ги земе кравата и телето. Секој што пушта отелена крава, оди и внимава таа да не се врати по телето.



## И телињата одат на пасење

Кога се оплодува некоја крава, тогаш говедарите ја враќаат дома или му се јавуваат на сопственикот да ја носи на бик. Оплодувањето, најчесто, е природно. Доколку се остава теле за подмладок, по 10 месеци, тоа се пушта со другите крави. Телињата најчесто се чуваат за продавање, а некогаш се оставаат и за подмладок.

# на селските крави

## Ред според распоред на куќите

Редот за одење на говедарите се знае според распоредот на куќите. Најчесто, одат комшиите. Кравите ги чуваат и домаќинките, што значи ја делат одговорноста. Кога има мраз, снег и е многу ладно, тогаш кравите не се пуштаат на пасење заради нивното здравје и секој си ги чува дома. Говедарите во торбата носат храна и што ќе се најде дома, а кога имаат можност, земаат месо и на пашата прават и скара. Се разбира, никогаш не заборавaат леб и вода.



*Трајче їо одредува редоѿ со ӣасење на кравиѿе*

Додека Трајче ги собира кравите да не избегаат, Стевчо ги чека останатите кои треба да пристигнат и заеднички да тргнат кон пасиштата. Тие се распрскуваат по зелената росна трева. Околу нив се врти и по некое од селските кучиња, коишто постојано одат со кравите. Говедарите се грижат и за храна за кучињата, кои ги бранат од волци и други диви животни. „Доколку се појават волци, кравите одат здружено, како крупна стока и не дозволуваат да им се приближи дивеч. Тука се и говедарите кои ги бранат своите грла", објаснува Иванов.

### Говедата ја знаат патеката за пасење

Кравите, пасејќи, се движат кон за нив познатата патека за село Свеќани. „Зимно време, бидејќи денот е пократок, немаме проблеми со бегање на кравите. Но, во летниот период тие бараат сенки и вода. Тогаш ги носиме до местото Длабоки дол, каде што мора да правиме ред кога кравите пијат вода за да не се повредат меѓусебе", вели Трајче.

Вообичаено, кравите се враќаат од пасиштата пред да зајде сонцето. На лето, тоа е околу 18 или 19 часот, а зиме, околу 15 часот. Да се вратат кравите од пасиштето потребно е околу  еден час. Навечер, од собирното место, кравите сами се враќаат дома, иако има сопственици кои ги чекаат поради тоа што говедата може да отидат на друга страна. „Доколку се изгуби некоја крава, тогаш сопственикот и тој што ги чувал дента, одат и ја бараат, иако тоа ретко се случува", велат соговорниците.




# Конфекционирање на тешкото јагне

**Кроењето на јагнето ќе го реши долгогодишниот проблем на јагнињата што не се продале за божиќните и велигденските празници**

Конфекционирањето на јагнешко месо ќе го реши проблемот со неоткупување на крупно јагне во Македонија, вели Кољо Ристов, искусен месар од Луцерн, Швајцарија. Според овој педесетгодишен струмичанец, кој 20 години се занимава со конфекционирање, сите јагниња со тежина од 25 до 30 килограми ќе се откупуваат за кроење. Тоа значи дека со раздвојување на јагнето се добиваат околу 15 килограми чисто месо. „Во земјава никој не се занимава со кроење на јагнешко месо затоа што опремата е многу скапа. Но, јас ќе ја купам и инсталирам во кланицата на брат ми и ќе бидеме првите што ќе откупуваат тешко јагне за конфекционирање", вели Ристов.

По раскројувањето, од едно јагне се добива бут, кичма, плешка, врат и ребра. Сите тие, добро спакувани, според HACCP стандардите, ќе бидат наменети за западноевропските пазари.

Заработката од 20 до 30 проценти е неизбежна. Во Швајцарија, вели Кољо, тој добива околу 3 франци од килограм јагнешко месо или 2.250 денари повеќе за 15 килограми јагне. Најдоброто јагне за конфекционирање, околу 30 килограми, влегува во пониска 3. или 4. класа и со тоа има пониска откупна цена. Откако ќе се пресметаат и трошоците за конфекционирање (работна рака, амбалажа, вакумирање, ладење, пластика...), објаснува Ристов, месото ќе чини колку за јагне од прва класа.

Пазарот за пласман на ова конфекционирано јагне, велат браќата Ристо и Кољо, е обезбеден.

Т. С.

Бидејќи во Македонија, според Ристов, не постојат луѓе кои може да конфекционираат, тој е подготвен, заедно со уште двајца месари од Швајцарија, да обучат одреден број домашни месари за кроење на јагнето.



готова кичма



вадење карлична коска



кроење во Швајцарија

# Фармерите ја штитат околината

Пишува:
Пишува: Дејвид Б. Греам,
магистер по наука за животна средина

## Едно миење - тројна добивка

Со миење на садовите пред нивното отстранување, земјоделците добиваат тројно. 1. Практично, го ставаат целиот препарат на целниот штетник и малку или воопшто не губат.
2. Со миење на садовите, тие преминуваат од опасен во неопасен отпад.
3. Оваа пракса ја намалува можноста од случајно труење или загадување на околината.

Мнозинството македонски земјоделци се свесни дека пестицидите се потенцијално опасни хемикалии, но исто така, многумина го занемаруваат фактот дека повторната употреба на садовите од пестициди за чување храна и вода претставува сериозна закана за здравјето. Нивното користење за други цели за кои не се наменети може Вам и вашето семејство, како и околината, да ве стави во ризик. Тогаш, што земјоделците може да сторат со искористените садови од пестициди? Како да се намали ризикот од повреди на земјоделците, на нивните семејства и на животната средина?

Садовите од пестициди содржат остатоци, мала количина пестициди, со која садовите се опасни како и хемикалиите што биле сместени во нив. Во Македонија, употребата и постапувањето со пестициди е уредено со Законот за производи за заштита на растенијата, со кој се укажува дека некои пестициди се опасни и треба да се отстранат со користење методи за опасен отпад. Обично, ова значи, нивни отстранување во посебна депонија за опасен отпад, каде се складираат за да не се отстранат или запалат од високите температури. За жал, постојат практични ограничувања кои не дозволуваат земјоделците целосно да се придржуваат до законските прописи. Имено, факт е дека во земјава нема посебна депонија или печка за палење опасни материјали и во отсуство на други опции, земјоделците се принудени да ги палат, фрлаат или закопуват овие садови. Ваквите практики не се безбедни.

Добар почеток за решавање на овој проблем е македонските земјоделци да посветуваат поголемо внимание на препораките за постапување и отстранување, кои се наведени на секоја етикета на пестицидите. Дополнително, може да практикуваат „трајно плакнење" на пластичните садови од пестициди како прв чекор кон нивното отстранување. Пластичните садови, всушност, се 70% од сите пакувања за пестициди. Ваквото миење на садовите е лесно и претставува стандардна пракса во многу западни земји.

**За тројно плакнење на садовите, со големина до околу 20 литри, треба да се следат овие чекори:**

1. Работникот треба да се обезбеди дека носи соодветна опрема за лична заштита како гумени ракавици и чизми, комплетна маска за лице и работнички комбинезон.
2. Садот од пестицидот треба да се цеди превртен наопаку во сад за мешање најмалку 30 секунди. Треба да се внимава пестицидот да се исцеди и од скриените делови, како што се рачките.
3. Потоа садот се полни 1/3 од волуменот.
4. Се става капакот.
5. Садот силно се протресува.
6. Садот се остава да се исцеди во садот за мешање 30 секунди.
7. и 8. Миењето и цедењето во садот за мешање се повторуваат уште двапати.
9. Садот се сече за да не може повторно да се употребува несоодветно.
10. Садот се праќа во депонија или на рециклирање.




Извор: Дозвола за објавување на сликите е добиена од Фред Витфорд од Универзитетот Пердју, Индијана, САД. Оригинални илустрации од Скот Далас и Џон Меცингер

# И Македонија основач на Федерација за храна

**Македонија е една од 41 држава во Европа која ја потпиша Европската декларација за храна, технологија и исхрана. Овој документ се издава и важи 15 години, а претставува главен документ - водич при креирање на политиките во однос на храната**

Пишува:
Т. Стојчевски

Македонија и други 44 европски држави, во ноември лани, ја основаа Европската федерација за храна, наука и исхрана (EFFoST). Придружни членки на оваа организација се и институции и компании од САД, Азија и Австралија. Оваа невладина организација е комбинација на различни субјекти кои се поврзани со кластерот „храна", објаснува нашиот македонски амбасадор во оваа организација, професор д-р Владимир Какуринов. Идеја на организацијата е да се зближат разно-разните сектори во однос на храната, преку меѓународна соработка и поврзување, заеднички проекти, бизниси, размена и набавка на опрема, поттикнување на помалку развиените земји преку нивно вклучување во големи европски и светски проекти.

На Првиот конгрес на EFFoST во Љубљана, Словенија, Какуринов водел пленарна седница и тоа, објаснува тој, е огромна чест за Македонија која претендира да влезе во европското семејство. Исто така, за првпат, според овој професор, на македонските граѓани им се нуди можност да конкурираат за работа во европски и светски институции и компании поврзани со храна, преку веб страницата www.forum.food-info.net). Само како илустрација, некои членки се компаниите Unilever, Kraft Foods, Frieslnd Foods, Coca Cola, Pepsi Cola, Provimi и други компании. „Факултетот за земјоделски науки и храна е централна точка преку која граѓаните може да добијат информации и препораки за вработување во членките на Федерацијата за храна. Тие директно конкурираат на интернет и доколку аплицираат повеќе луѓе за една иста позиција и имаат слични квалификации, тогаш јас, како амбасадор, ги повикувам на разговори на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, каде разговарам со нив и давам препораки за кого и зошто?", вели Какуринов.

Седиштето на Европската федерација за храна, наука и исхрана, моментално, е во Вагенинген, Холандија.




## Прв и единствен Речник во светот

На првиот конгрес на EFFoST во Љубљана и официјално е потврдено дека Македонија е единствената држава во светот која издала Речник за квалитет и безбедност на храна. „Со ова покажуваме дека сме препознаени и меѓународно признати во светот. Сега преговараме за објавување и користење на овој речник од страна на другите држави - членки на европската федерација за храна, наука и технологија", вели амбасадорот Какуринов.

## Како се станува амбасадор?

Кога оваа организација избира амбасадор, претставник на одредена држава, тогаш тој мора меѓународно да биде многу активен. Односно, да присуствувал на меѓународни настани, да објавил трудови, да ја претставувал својата држава во меѓународни мрежи, да учествувал во реализација на меѓународни проекти и да соработувал со други држави во изминативе 8 до 10 години. По ова се прави ранг листа и се поканува првиот кандидат да ја прифати понудата да стане амбасадор на својата земја во Европската федерација. Неговите документи се разгледуваат неколку месеци и се гласа. Потоа тој добива известување дали станал амбасадор.


*Прв амбасадор во федерацијата за храна*

## Директна корист за земјоделците

Директната корист која ја имаат земјоделците од учеството на Македонија во оваа организација, вели професорот по микробиологија, Какуринов се директните контакти со системите/стандардите за безбедност на храна кои се бараат во светот (HACCP, GLOBALGAP, добрата земјоделска практика, ISO 22000 (стандард за безбедност на храна), потоа тие добиваат информации за пласманот на земјоделски производи (можност за пронаоѓање нови пазари), цени и информации за тоа какви производи бараат другите пазари. Исто така, постои можност за следење на европската законска регулатива, директивите, царинските тарифни бариери.





| | | |
|---|---|---|
| Краставост | {CHORUS + ХРОМОЗЕБ 80 ВП} | {Score + КАПТАН 50 ВП - ХП} |
| Пепелница | THIOVIT Jet | Topas |
| Штетници | CHROMOREL D, Actara | PIRIMOR, MATCH |





| | | | |
|---|---|---|---|
| Пламеница | RIDOMIL GOLD COMBI | RIDOMIL GOLD MZ | Bravo |
| Пепелница | THIOVIT Jet | Topas | TILT 250 EC |
| Ботритис | | CHORUS | |
| Штетници | KARATE ZEON | CHROMOREL D | MATCH |

Хромос Пестициди

Наведените информации се делови од комплетните програми за заштита на соодветните култури.
телефони: (02) 3113 292; (02) 3237 563; (02) 2722 610;

syngenta

www.hromospesticidi.com.mk

## Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година
## (мерки за кои се аплицира овој месец)

| | Назив на мерката | Висина на поддршка | Краен рок за поднесување барање | Образец |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за површина со пролетни житни култури (пченица, пченка, рж, јачмен, овес, ориз, тритикале) и индустриски култури (сончоглед, м.репка, афион, соја, ш.репа), вклучитлено и есенски рж и тритикале | 6.000 (скалеста пресметка) | 31. 05. 2009 | А3, А5 |
| 1.3. | Финансиска поддршка за фуражни култури (луцерка, граор, еспарзеа и д.грашок) | 4.000 | 31. 05. 2009 | А3, А5 |
| 1.4. | Дополнителна финансиска поддршка за засеани површини (1.1. и 1.2) со сертифициран семенски матерјал | 1.200 | 31. 05. 2009 | А, А1, А3, А5 |
| 1.5. | Финансиска поддршка за произведен и предаден ориентален ситнолисен тутун од реколта 2008 година | 45 | 31.05.2009 | |
| 1. 6. | Финансиска поддршка за оранжериско производство (домати, пиперки, краставици и режано цвеќе) | 80.000 | 31. 05. 2009 | А3, А6 |
| 1. 7. | Финансиска поддршка за градинарски култури на отворено и пластеници и култивирано производство на лековити, ароматични и зачински растенија- минимум 0.2 ха | 9.000 | 31. 05. 2009 | А3, А6 |
| 1. 9. | Финансиска поддршка за подигање нови површини под лозови насади | 140.000 | 31. 05. 2009 | А3, А5 |
| 1. 10. | Финансиска поддршка за површини под лозови насади | 7.500 | 31. 05. 2009 | А3, А5 |
| 1. 12. | Финансиска поддршка за подигање нови овошни насади (круша, јаболка, праска, кајсија, слива, лешник, ореви бадем, малина, вишна, рибизла, капина и јагода), вклучително алтернативни насади (аронија, боровинка, јапонска јаболка, калинка, цитруси, маслинки) | 90.000 | 31. 05. 2009 | А3, А5 |
| 1. 18. | Финансиска поддршка за педалошка анализа | | 31. 05. 2009 | А, А2 |
| 2. 7. | Финансиска поддршка за обележано грло овца | 850 | 31. 05. 2009 | А3, А9 |
| 2. 9. | Финансиска поддршка за обележано грло кози | 750 | 31. 05. 2009 | А3, А7 |
| 2. 11. | Поддршка по грло матoрици за земјоделски стопанства со минимум 2 грла | 700 | 31. 05. 2009 | А3, А7 |
| 2. 18. | Финансиска поддршка по регистрирано презимено пчелно семејство за минимум 35 семејства | 500 | 31. 05. 2009 | А3, А7 |
| 2.21. | Финансиска поддршка за фармерско одгледување ноеви | 1.700 | 31. 05. 2009 | А3, А7 |
| 2. 22. | Финансиска поддршка за фармерско одгледување полжави | 90.000 | 31. 05. 2009 | А3, А7 |
| 4.1. | Дополнителна поддршка од 30% за потточки 1 и 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во конверзија, освен за потточките од точка 1 и 2 поврзани со поддршката опфатена во потточките 4.2. до 4. 7 | Зголемена поддршка за 30% | Пријавување на производни капацитети до 31. 05. 2009, поднесување барање за исплата до 01. 12. 2009 | А3, А11 |
| 4. 2. | Финансиска поддршка за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред | 3.500 | Пријавување на производни капацитети до 31. 05. 2009, поднесување барање за исплата до 01. 12. 2009 | А3, А11 |
| 4.3. | Финансиска поддршка во овоштарско производство | 15.000 (скалесто) | Пријавување на производни капацитети до 31. 05. 2009, поднесување барање за исплата до 01. 12. 2009 | А3, А11 |

# Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година

*За спроведување на оваа програма за рурално подрачје се смета населено место согласно Списокот на рурални подрачја во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.154/2008). Ридско-планинско рурално подрачје е рурално подрачје со просечна надморска височина од 700 метри*

| | |
|---|---|
| Инвестиции за подобрување на конкурентност и модернизација на земјоделски стопанства, вклучително и аква култура | 191.000.000 |
| Инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи | 80.000.000 |
| Инвестиции за рурална инфраструктура | 110.000.000 |
| Финансиска поддршка на промотивни активности за развој на рурален туризам | 6.000.000 |
| Инвестиции за подобрување на знаењето и унапредувањето на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување на советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство | 8.000.000 |
| Поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства | 6.000.000 |
| Инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални средини | 18.000.000 |
| Материјални трошоци за имплементација на програмата | 2.000.000 |
| Неподмирени обврски за 2008 година | 1.000.000 |
| ВКУПНО | 422.000.000 |

Средствата од став 2 може да бидат наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, за оперативни трошоци (надомест за работна рака, монтажа, инсталирање) поврзани со набавените основни средства и останати трошоци предвидени со оваа Програма. Вкупната вредност на оперативните трошоци не може да надмине 5%, а вкупна вредност на одобрени интелектуални услуги за изработка на градежен или електрификациски проект не може да надмине 3% од вкупната одобрена инвестација по поединечен корисник.

## II

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 1 на оваа програма во износ од 191.000.000,00 денари се наменети за:

| | |
|---|---|
| Инвестиции за модернизација на лозарството, овоштарството и градинарството (на отворено) | 33.000.000 |
| Инвестиции за подигнување на нови оранжерии (стакленици или пластеници) за производство на расад (расадници) или вон-сезонско одгледување на зеленчук, вклучително и режано цвеќе и ситно овошје и опрема за оранжериско производство | 32.000.000 |
| Инвестиции за зголемување на рентабилноста на производството на житни и индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) вклучително и производство на компир | 61.000.000 |
| Инвестиции за модернизација на сточарски фарми вклучително и живинарски фарми за одгледување на несилки и бројлери | 28.000.000 |
| Инвестиции за модернизација на пчеларството | 9.000.000 |
| Инвестиции за обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура и опремување на рибници | 28.000.000 |
| ВКУПНО | 191.000.000 |

**(2)** Средствата од став (1) точка 1 во износ од 33.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: набавка на трактори до 95КС; набавка на култиватори или мото-култиватори; набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење или за берење; набавка на опрема за пакување и складирање на свежи производи; набавка на опрема за инсталирање на модерни и ефикасни системи за наводнување, со придружен компјутерски софтвер, набавка на генератори и агрегати за обезбедување на енергија за работа на компјутери за контрола на наводнување, вклучително и набавка на елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на контролната опрема за наводнување; оперативни трошоци за инсталирање на опрема, вклучително и софтвер.

**(3)** Средствата од став (1) точка 2 во износ од 32.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: интелектуални услуги за изработка на градежен проект за подигнување на нови оранжерии (стакленици или пластеници); набавка на градежни материјали и елементи за конструкција од метал или алуминиум вклучително и прекривки од стакло или пластична прекривка; набавка на култиватори или мото-култиватори; набавка на опрема и приклучна механизација за припрема на почва, за садење и за берење; набавка на опрема за инсталирање на модерни и ефикасни системи за наводнување исклучиво наменети за новите површини под оранжерии, со придружен компјутерски софтвер вкучително и набавка на генератори или агрегати за обезбедување на енергија

за работа на системот на наводнување; оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер, како и набавка на опрема за одржување на микроклиматски услови во оранжерии.

**(4)** Средствата од став (1) точка 3 во износ од 61.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: набавка на земјоделска механизација, приклучна механизација и опрема за примарно производство на житни и индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун), вклучително и производство на компир и оперативни трошоци за инсталирање на опрема.

**(5)** Средствата од став (1) точка 4 во износ од 28.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: набавка на опрема за поставување на системи за хранење вклучително и опрема за подготовка на премикси и складирање на добиточна храна; набавка на опрема за системи за поење; набавка на опрема за системи за молзење и чување на млеко; набавка на опрема за оградување на просторот за одгледување и испаша на добитокот; набавка на опрема за одгледување на несилки; набавка на инкубатори за живина; набавка на опрема за чистење на просторот за чување на добиток или живина и транспорт; набавка на градежни материјали или елементи за конструкција на резервоари или платоа за складирање на арско ѓубриво; оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

**(6)** Средствата од став (1) точка 5 во износ од 9.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: набавка на рамки и сандаци за пчелни семејства; набавка на опрема за одгледување на пчели; набавка на опрема производство на мед и пчелни производи; оперативни трошоци за инсталирање на опрема.

**(7)** Средствата од став (1) точка 6 во износ од 28.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: интелектуални услуги за изработка на градежен проект за обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура; набавка на градежниматеријалииелементизаконструкцијанаменетиза обновување и подигнување нови капацитети за аквакултура (базени, кади) матични базени, одгледувалиште и гоилиште за слатководна риба; набавка на градежни материјали и елементи за конструкција наменети за мрестилиште (инкубациска сала) и инкубација на икра вклучително и опрема за мрестење и инкубација на икра (инкубатори и лежници); набавка на кафези за кафезно одгледување на слатководна риба; набавка на опрема за чување на храна и хранење на рибите; набавка на опрема за складирање на риба опремено со систем за испуштање на течен кислород или фрижидери; набавка на ледомати; набавка на опрема за прочистување на влезни или испусни води (пумпи, филтри и цевки); оперативни трошоци за градење, инсталирање на елементи за конструкција и опрема, вклучително и софтвер.

**(8)** Корисник на средствата од став (1) освен точка 6 од овој дел е земјоделско стопанство впишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој со следната големина на земјоделски производни капацитети:

а) За инвестиции од став (2) на овој дел, да располага со минимум 0,2 ха површина под лозови или овошни насади или градинарски култури на отворено;

б) За инвестиции од став (3) на овој дел, да располага со: минимум 0,1 ха површина наменета за подигнување на нови оранжерии (стакленици) и опремување на новите оранжерии; минимум 0,2 ха површина наменета за подигнување на нови оранжерии (пластеници) и опремување на новите оранжерии; минимум 0,05 ха површина наменета за подигнување на нови расадници (стакленици или пластеници) и опремување на новите расадници; минимум 0.3 ха површина под оранжерии (стакленици или пластеници) наменета за опремување и механизација.

в) За инвестиции од став (4) на овој дел, да располага со: минимум 0,5 ха површина наменета за житни или индустриски култури (маслодајни, фуражни култури, тутун) - минимум 0,3 ха површина наменета за производство на компир.

г) За инвестиции од став (5) на овој дел, да располага со: минимум 5 до максимум 130 грла млечни крави; минимум 7 до максимум 100 грла говеда за тов годишно; минимум 150 до максимум 700 овци од сите категории; минимум 50 до максимум 350 кози од сите категории; минимум 20 до максимум 50 маторици или минимум 400 до максимум 1000 свински гоеници годишно; минимум 1000 до максимум 15 000 несилки; минимум 2500 до 10000 бројлери по турнус.

д) За инвестиции од став (6) на овој дел, да располага со минимум 10 пчелни семејства.

**(9)** Корисник на мерките став (1) точка 6 од овој дел се правни и физички лица кои исполнуваат општи услови за вршење на риболовна дејност и се регистрирани согласно Законот за рибарство и аквакултура.

**(10)** Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи: не повеќе од 3.500.000 денари за инвестициите од став (2) на овој дел; не повеќе од 6.000.000 денари за инвестициите од став (3) на овој дел; не повеќе од 4.000.000 денари за инвестициите од став (4) на овој дел; не повеќе од 5.000.000 денари за инвестициите од став (5) на овој дел; не повеќе од 500.000 денари за инвестициите од став (6) на овој дел, не повеќе од 6.500.000 денари за инвестициите од став (7) на овој дел.

**(11)** Доколку еден корисник поднесе едно барање за повеќ е инвестации од став (1) на овој дел, вкупна вредност на одобрени инвестиции не може да надмине повеќе од 3.000.000 денари.

**(12)** По исклучок од став (2) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 80% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции од став (5) алинеја 7 и 8.

**(13)** Во случај на поголем број барања во однос на расположивите средства од став (1) освен точка 6, предност имаат физички лица регистрирани согласно Закон за вршење земјоделска дејност, физички лица-трговци поединци регистрирани согласно Закон за трговски друштва и индивидуални земјоделци кои се стекнале со статус на осигуреник согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

## III

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 2 на оваа програма во износ од 80.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции:

1. набавка на опрема за прием и складирање на суровина, подготовка за преработка и преработка, пакување и складирање на готов производ, вклучително и опрема за утврдување и контрола на квалитет на производите и оперативни трошоци за инсталација и монтажа на набавената опрема наменета за: преработки од овошје и зеленчук, вклучително и конзервирање на печурки; производство на млечни производи; производство на млеко во прав и производство на путер; производство на мелнички производи и интегрални производи; преработка на маслодајна репа, соја, маслодајни семиња и житарки за производство на нерафинирано масло за јадење; производство на добиточна храна; производство на јајца во прав и меланж; производство на вино (освен опрема за стабилизација и финализација); месни преработки; мед и пчелни производи; производство на компиров скроб.

**(2)** Набавка на градежни материјали и елементи за конструкција и опрема за постигнување на стандардите за безбедност на храна за земјоделско-прехрамбените подсектори од точка 1 на овој став во согласност со Законот за безбедност на храна и Законот за ветеринарно јавно здравство, вклучително и оперативни трошоци за градење и инсталирање на елементи за конструкција.

**(3)** Корисници на мерките од став (1) од овој дел се правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва или Законот за задругите со број на вработени не помал од 3 лица и не поголем од 50 лица, кои ги исполнуваат минималните услови за вршење на соодветната дејност согласно закон.

**(4)** Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да изнесува повеќе од 13.000.000 денари за инвестициите од став (1) на овој дел,л освен за инвестациите од точка 1 алинеја 1 и 2 и точка 2, во кој случај одобрените инвестиции по поединечен корисник не може да надминат 3.500.000 денари.

## IV

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 3 на оваа програма во износ од 110.000.000,00 денари се наменети за следново:

| | |
|---|---|
| Инвестиции во создавање на основни предуслови за развој на сточарството | 23.000.000 |
| Инвестиции за рехабилитација на системите за наводнување на Водни заедници | 8.000.000 |
| Инвестиции во реконструкција или изградба на патна инфраструктура во рурални подрачја | 79.000.000 |
| ВКУПНО | 110.000.000 |

**(2)** Средствата од став (1) точка 1 во износ од 23.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: интелектуални услуги за изработка на градежен или електрификациски проект; набавка на опрема за поврзување на одгледувалиштата на добиток со електрична енергија, вклучително и набавка на агрегати или генератори и придружна инсталациона опрема за снабдување со електрична енергија; набавка на опрема за водоснабдување на одгледувалиштата на добиток; набавка на градежен материјал и елементи за изградба на зафати на вода и резервоари за водопоила на пасишта и изградба на водопоила; набавка на опрема за оградување на пасишта и воведување на системи на контролна испаша со струјни насочувања, вклучително и компјутерска опрема и софтвер; оперативни трошоци за изведување на градба и инсталација на опрема; надомест на нето-плата на вработени лица за чување на добиток во период од 01.01.2009 година, заклучно со 31.102009 година, за број на вработени лица соодветен на големината на стадото во однос 1 вработен за жување на 150 овци или 1 вработен за чување на 100 кози; финансирање на инвестициони активности предивдени со програмата за стопанистување со пасишта.

**(3)** Средствата од став (1) точка 2 во износ од 8.000.000,00 денари се наменети за инвестиции за обновување и модернизација на системите за наводнување и за одводнување (одводните канали) со кои раководат Водните заедници, вклучително и изградба на системи за подземно дренирање на водата од почвата, односно за следниве инвестиции: интелектуални услуги за изработка на градежен проект за изградба или реконструкција на систем за наводнување; набавка на градежен материјал и елементи за конструкција (пумпи, филтри, цевки); оперативни трошоци за чистење и подготовка на теренот за градба; оперативни трошоци за изведување на градба и инсталирање на опрема.

**(4)** Средствата од став (1) точка 3 во износ од 79.000.000,00 денари се наменети за реконструкција или изградба на земјоделски пат, макадамски пат и некатегоризиран пат, вклучително и покривање на селски улици, наменети за поврзување на село со општински пат; поврзување на село со друго село (општински пат); поврзување на селото со природни реткости, културни или останати објекти од значење на населението во селото; пробивање, израмнување и покривање на земјоделски пат; со должина на патот која не надминува 1км и широчина на патот која не надминува 6м, односно за следниве инвестиции: интелектуални услуги за изработка на градежен проект за изградба или реконструкција на пат; набавка на градежен материјал и материјал за прекривање на површината на патот вклучително и покривни елементи (бекатон плочки, камени плочки или коцки или слични површински покривни елементи); оперативни трошоци за чистење и подготовка на теренот; оперативни трошоци за изведување на градба и прекривање на површината на патот.

**(5)** Корисник на средствата од став (2) освен алинеите 7 и 8 од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој кој е сопственик или корисник на пасиште и е со следната големина на земјоделски производни капацитети: минимум 15 грла млечни крави; минимум 15 грла говеда за тов годишно; минимум 300 овци од сите категории; минимум

150 кози од сите категории; минимум 50 маторици или минимум 1000 свински гоеници годишно.

**(6)** Корисник на средствата од став (2) алинеја 7 од овој дел е земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој и е со следната големина на земјоделски производни капацитети: минимум 150 овци од сите категории и минимум 100 кози од сите категории.

**(7)** Корисник на средствата од став (2) алинеја 8 од овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта на Република Македонија.

(8) Корисник на средствата од став (3) од овој дел се регистрирани Водни Заедници согласно Законот за водни заедници и на кои им се предадени системите на управување од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**(9)** Корисник на средствата од став (4) од овој дел може да биде самостојно локалната самоуправа каде се наоѓа селото или јавно-приватно партнерство каде како носител се јавува или локалната самоуправа или месната заедница на селото регистрирана од локалната самоуправа.

**(10)** Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи: не повеќе од 3.000.000 денари за инвестициите од став (2) освен за алинеја 7 и 8 на овој дел; не повеќе од 18.000 денари месечно по еден вработен за инвестациите од став (2) алинеја 7 на овој дел; не повеќе од 10.000.000 денари вкупен износ на одобрени средства за исплата на инвестициите од став (2) алинеја 8 на овој дел во период на спроведување на оваа Програма; 5.000.000 денари за инвестициите од став (3) на овој дел; не повеќе од 10.000.000 денари за инвестициите од став (4) на овој дел.

**(11)** По исклучок од став (3) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од:

- 55% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 70% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции од став (4) од овој Дел.
- 80% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции од став (4) од овој Дел наменети за село класифицирано како ридско-планинско рурално подрачје.

## V

**(1)** Средствата од Дел I точка 4 на оваа програма во износ од 6.000.000,00 денари се наменети финансирање на трошоци за изработка на промотивни материјали за рурален туризам, односно за следниве инвестиции: интелектуални услуги или авторски хонорар за изработка на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје; интелектуални услуги или авторски хонорар за графичка подготовка за печатење на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје; набавка на услуги за печатење на брошури, мапи, книги со историски факти за локалитети и знаменитости за одредено рурално подрачје во не повеќе од 1.000 примероци; набавка на услуги за дизајн и изработка на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки; оперативни трошоци за поставување на соодветни знаци за одбележување и унапредување на шумски патеки.

**(2)** Корисници на мерките од став (1) од овој дел се здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации или правни лица регистрирани согласно Законот за задругите со седиште во рурално подрачје.

**(3)** Како корисник на инвестициите од алинеја 4 и 5 од став (1) може да се јави и локалната самоуправа каде се наоѓа руралното подрачје или месната заедница на руралното подрачје.

**(4)** Корисниците на средствата од став (3) од овој Дел мора да ја спроведат одобрената инвестиција согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

**(5)** Вкупната вредност на одобрени инвестиции по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи: не повеќе од 180.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 1 на овој дел; не повеќе од 300.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 2 на овој дел; не повеќе од 450.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 3 на овој дел; не повеќе од 150.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 4 на овој дел; не повеќ е од 250.000 денари за инвестициите од став (1) алинеја 5 на овој дел;

**(6)** По исклучок од став (3) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина од 70% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции во ридско-планинско рурално подрачје;

## VI

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 5 на оваа програма во износ од 8.000.000,00 денари се наменети за следново:интелектуални услуги или авторски хонорарѕ за изработка и графижка подготовка за печатење на едукативни материјали и тренинг за упатства и печатење во не повеќе од 1.000 примероци; трошоци за организација и оддржување на обуки и тренинзи на индивидуални земјоделски производители; трошоци за надомест на авторски хонорари за обучувачи и предавачи; набавка на опрема за обуки со исклучок на компјутерска опрема, компјутерски софтвер и мебел.

**(2)** Корисници на мерките од став (1) од овој дел се

здруженија и фондации регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации со седиште во рурални подрачја, јавни научни установи од областа на земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Закон за високото образование, Закон за средното образование, Закон за сстручното образование и обука, Закон за образование на возрасните, правни лица регистрирани согласно Законот за трговски друштва и правни лица регистрирани согласно Закон за задругите за земјоделство.

**(3)** Вкупната вредност на одобрената инвестиција по поединечен корисник не може да изнесува повеќе од 4.000.000 денари.

## VII

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 6 на оваа програма во износ од 6.000.000,00 денари ќе се користат за следните инвестиции: интелектуални услуги или авторски хонорар за формирање на земјоделски задруги и правни лица формирани од здруженија на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година; набавка на опрема за канцелариски простории и компјутерска опрема за земјоделски задруги и правни лица формирани од здруженија на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година; надомест на трошоци за водење на сметководство за тековната 2009 година заклучно со 31.10 2009. За корисниците од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2008 година се надоместуваат и трошоците за водење сметководство за период од 01.11. - 31.12. 2008; надомест на нето-плата на управителот на новоформирана земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители формирани по 01.01.2009 година за период 01.01-30.10.2009 година; надомест на нето-плата на управителот на земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители по 01.01.2008 година за период 01.11.2008 година-30.10.2009 година; надомест на нето-плата на управителот на земјоделска задруга или правното лице формирано од здружение на земјоделски производители формирани пред 01.01.2007 година за период 01.01.2008-30.10.2009 година.

**(2)** Корисници на мерките од став (1) од овој дел се задруги и правни лица основани од здруженаја на земјоделски производители кои се занимаваат со земјоделска дејност.

**(3)** Вкупната вредност на расходите по поединечен корисник не може да ги надмине следниве износи: не повеќе од 30.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 1 на овој дел; не повеќе од 60.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 2 на овој дел; не повеќе од 75.000 денари за трошоците од став (1) алинеја 3 на овој дел; не повеќ е од просечната годишна нето плата изразена во месеци во дејноста за трошоците од став (1) алинеја 4, 5 и 6 на овој дел.

## VIII

**(1)** Средствата од Дел I став (1) точка 7 на оваа програма во износ од 18.000.000,00 денари се наменети за следниве инвестиции: набавка на опрема за инсталации за производство и користење на соларна енергија; набавка на опрема за инсталации за производство и користење на био-гас; набавка на опрема за инсталации за производство и користење на ветерот како извор на енергија; набавка на опрема за инсталации за производство и користење на гео-термална енергија; оперативни трошоци за инсталација на опрема.

**(2)** Корисник на средствата од став (1) од овој дел е семејно земјоделско стопанство упишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно Закон за земјоделството и руралниот развој.

**(3)** Вкупната вредност на одобрена инвестиција по поединечен корисник не може да надмине износ од 2.000.000 денари.

**(4)** По исклучок од став (3) од Дел I, средствата од став (1) на овој дел се исплаќаат по принцип на ко-фиансисрање на реализирани инвестации во висина од:

- 60% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земојделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на деност на поднесување на инвестацијата или жена носител на земјоделско стопанство;
- 65% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје;
- 70% од вредноста на одобрената инвестиција за инвестиции поднесени од носител на земјоделско стопанство од 18 години старост до 40 години старост на денот на поднесување на инвестицијата или жена носител на земјоделско стопанство кое се наоѓа во ридско-планинско рурално подрачје.

# КОМПЛЕТНА УСЛУГА ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ОД ПРОКРЕДИТ БАНКА

## ШТЕДЕЊЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Да се штеди за иднината е секогаш вистинска одлука, а ПроКредит Банка Ви дава одличен избор со два типа на штедење: штедење по видување и орочено штедење односно штедни и орочени влогови по многу атрактивни каматни стапки и флексибилни услови.

Доколку сакате да вложувате колку сакате и кога сакате, ПроКредит Банка Ви нуди Агро штедна сметка на која можете постојано да вложувате износи без никакви ограничувања, а каматата Ви се пресметува на целиот износ. Каматата се пресметува на дневна основа и се запишува на крајот на годината.



Од почетокот на годината ПроКредит Банка воведе нов тип на континуирано штедење Бонус штеден план. Карактеристично за овој производ е тоа што лицето кое штеди, покрај редовната камата добива и бонус на крај од договорениот период доколку има редовни месечни уплати во износ кој клиентот сам си го определил, согласно со неговите потреби и можности. За Бонус штедниот план важат редовните каматни стапки на штедните сметки во денари и евра, кои се мошне атрактивни и кои на годишно ниво изнесуваат 5,8% на денарски штедни сметки и 2.5% за штедни сметки во евра. Но најважната карактеристика на овој производ по кој тој се разликува од другите производи на пазарот е тоа што дополнително клиентот добива и бонус кој се пресметува на договорениот износ на месечните уплати а неговиот износ достигнува и до 3% за Бонус штеден план за пет години.

Покрај постепеното штедење, ПроКредит Банка Ви нуди можност и за орочување на Вашите пари. На пример остварените приходи од реколтата и продажбата на производите добро е да се депонираат во банка и на тој начин да се заштедат се до следното инвестирање. Каматните стапки во ПроКредит банка изнесуваат 10% за денарските депозити и 6% за евро депозити орочени на една година. Каматната стапка е фиксна и загарантирана за целиот период на орочување а штедачите имаат можност предвремено да го разорочат влогот, во случај на итна потреба. Исплатата на камата се врши по избор на штедачот: на месечно, квартално или годишно ниво или на доспевање на депозитот.

## АГРО КАРАВАН НА ПРОКРЕДИТ БАНКА

Под мотото "ПроКредит Банка и во Вашето место" во текот на месец февруари-март-април 2009г. ПроКредит Банка организира Агро караван во околните региони на градовите Струга, Охрид, Тетово, Гостивар, Делчево, Берово, Неготино, Велес, Штип, Свети Николе, Куманово, Струмица, Кочани, Прилеп, Битола и Радовиш.



Целта на агро караванот е поблиско информирање на клиентите на ПроКредит Банка за условите и поволностите на земјоделските кредити, на местата каде работат земјоделците и на фреквентните места во селата. Со Агро Караванот се зголемува достапноста на банкарските услуги и во руралните средини. Тоа е всушност банка во движење, каде условите за кредитите се објаснуваат од стручните лица на самото место. Покрај тоа, заинтересираните клиенти имаа можност да аплицираат за кредит на самото место. Агро караваните се многу успешни и добро прифатени од страна на земјоделците.



# Надеж за уште поуспешно пчеларење

Пишува:
Стојанче Анастасов, ФФРМ Кочани

Редакцијата „Моја Земја" на најдобриот пчелар му додели тримесечна претплата на списанието со надеж дека советите што ги објавува списанието ќе помогнат за уште поуспешно пчеларење.

Разни производи од мед, заштитна облека, алатки за пчеларници, модели на пчелни сандаци, стручна литература, препарати за третман на пчелните семејства... беа дел од асортиманот што ги красеше пчеларските штандови на манифестацијата „Денови на медот" во Виница. На оваа тридневна манифестација, преку стручни предавања, младите се запознаа со основите на пчеларството.

По петти пат, пчеларското здружение „Матица" ја организира оваа манифестација токму на празникот Благовец. Голем број граѓани уживаат во збогатената манифестација, културно-уметничките настапи и дегустацијата на мед и прополка.

Пчеларите беа задоволни од организираната посета на пчеларник, комбинирано со предавање за правилно производство на матици. Исто така, организаторот додели признанија за успешните и докажани производители на мед како мотив за уште поуспешно пчеларење.

„Овој крај нуди добри услови за пчеларење. Од 70 членови на здружението, околу 30 се од виничкиот регион. Се надевам дека со оваа манифестација ќе се зголеми бројот на пчелари и младите ќе добијат елан за занимавање со оваа дејност. Пчеларството е профитабилно и ние даваме придонес за негова афирмација", објаснува Марјанчо Донев, претседател на здружението „Матица".


*Едукација за подобра продажба*

Излагачите се задоволни од минатогодишните приноси, иако условите не беа погодни. Тие се надеваат дека годинава ќе биде уште поуспешна и побогата за пчеларите.



# Мечка-визитарка

За да се заштити животинскиот свет, како и пчелните семејства, ловните друштва треба да вршат прихранување на мечките со овошни и житни плодови, објаснува Јовановски од селото Лопатица

Пишува:
Марија Котеска, ФФРМ Битола


*Како да се спасиме од мечката?*

Пчелите на Трајко Јовановски и Никола Нешковски од битолското село Лопатица биле жртва на мечка. Таа се најала и со пчели од пчеларникот на Атанас Жилевски од селото Драгош. Кон крајот на март, во вечерните часови, мечката ги нападнала пчеларниците и предизвикала материјална штета. Притоа, уништила пет пчелни семејства на Јовановски, околу 20 семејства на Жилевски и 35 семејства кај Нешковски.

Според Јовановски, три мечки ги нападнале неговите пчеларници, барајќи храна. Тој објаснува дека националниот парк „Пелистер" е извор за множење на мечката. „Сега може да ги најдете и во најниските планински предели. Бројноста на мечките ја надминува границата што треба да ја има во паркот и тоа претставува голема опасност за целиот животински свет и за пчелите", вели Јовановски.

Овие пчелари ја тужат мечката која им го нападнала имотот. При судските спорови, јавните правобранители во заштита на државата, вели Трајко, се изјаснуваат дека за направената штета се плаќа половична отштета оти пчеларниците не се доволно заштитени. „Пчеларникот може да се заштити единствено со изграден ѕид од два метра и железна врата", објаснува Јовановски.

Во меѓувреме, сточарот Јовановски предлага за заштита на животинскиот свет, како и на пчелните семејства, ловните друштва да вршат прихранување на мечките со овошни и житни плодови. Со самото прихранување со овошје и житна храна, вели тој, би се заштеделе многу средства што државата би требало да ги плати како отштета за пчеларите. Јовановски препорачува пчеларите да преземаат мерки со ноќно чување и употреба на заштитни средства кои ќе ја избркаат мечката од теренот.

# Изворно производство на мед

Произведуваме мед според нормите пропишани во Куранот (чист мед без додатоци). Тоа ни е наследено од многу наши поколенија. Значи, произведуваме на примитивен начин, без никакви додатоци. Всушност, нашето наследство значело изворно производство, а ние сме биле верни кон нашите заповеди. Исто така остануваме верни и кон нашите потрошувачи", објаснува Мифтари


*Изворно производство - поуспешен живот*

Пишува:
Мајлинда Ибраими

Семејството Мифтари е единственото семејство во тетовско Ново Село 2 кое одгледува пчели уште од пред Втората светска војна. На 1.200 метри надморска височина, седумдесетгодишниот Мемиш, одгледува пчели уште од своето рано детство. Во 1945 година останува само со две кошници, но подоцна ја зголемува нивната бројка. Овој пензионер го предава своето хоби на снаата Ирмијете. Таа веќе 17 години работи со пчелите. Иако е мајка на три малолетни деца, домаќинка, се грижи за кравите, таа пред се, е горда пчеларка. „Сите работи, освен пчеларството, ми се во втор план. Летно време, работиме заедно со децата кои немаат никакви школски обврски. Во пчеларството е вклучен и сопругот Таип, како продолжување на семејната традиција", вели Имријете. Ова семејство произведува само ливадски планински мед. Го продаваат по 500 денари. Велат дека поради квалитетот на медот, луѓето доаѓаат кај нив и го купуваат од дома. Исто така медот го пласираат во Котор и во Турција. „Произведуваме мед според нормите пропишани во Куранот (чист мед без додатоци). Тоа ни е наследено од многу наши поколенија. Значи, произведуваме на примитивен начин, без никакви додатоци. Всушност, нашето наследство значело изворно производство, а ние сме биле верни кон нашите заповеди. Исто така остануваме верни и кон нашите потрошувачи", објаснува Мифтари. Нивниот мед го употребуваат и за АПИ терапија. Освен тоа, оваа терапија делува и како антистрес. Произведениот прополис, бесплатно, го даваат на луѓето кои имаат потреба од тоа, секако побудени од религиозни причини.


*Снаата Имријете помага во семејното пчеларење*


**Се за пчеларството**
**НЕКТАРКООП Куманово**
**овластен дистрибутер на:**



- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Ивањич - Стара Пазова





- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 , 070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово

**Cake-Скопје**
Тел: 02/3 211-907

Продавница за пчеларство
Бул.Партизански одреди 21-4
Порта Буњаковец- Скопје
- преработка и замена на восок
- откуп на пчеларски производи
- продажба на опрема и прибор
- литература
- храна за пчели











# Парите за Капијата отидоа кај трговците!?

Пишува:
Коле Пасков,
Менаџер за услуги ФФРМ

Трговците и натаму се богатат на грбот на земјоделците, велат струмичките производители на пиперка. Земјоделците обвинуваат дека тие им ги зеле и субвенциите за предадената количина во преработувачките капацитети. Околу 1500 производители на куртовска капија од Струмичкиот регион останаа без поддршката. Од страна на Агенцијата за финансиска поддршка и беше образложено дека тоа се предадени количини на трговци за извоз. Земјоделците прашуваат дали преработувачите немаат свои откупни пунктови, односно како го вршеа откупот и набавката со пиперка и зошто не даваа кантарни белешки со печат за кого ги откупуваат? Исто така, земјоделците прашуваат чии се трговците и за кого откупуваат и дали не се посредници помеѓу преработувачите и земјоделците. Односно, дали тие трговци не предале на преработувачите и не ги земале парите за субвенции наместо земјоделците, потоа како е постапено со откупната суровина - се бара доказ за тоа каде е однесено откупеното производство и тој, потоа, треба да се достави до Земјоделскиот инспекторат.

Фармерите повикуваат да се преземе најостра акција од страна на Инспекторатот и да се види висината на штетата, да се спречи манипулацијата со нивната произведена пиперка (за која се тврди дека воопшто не е предадена и преработена од толку голем регион). Земјоделците бараат, оваа година, Државниот инспекторат за земјоделство, со писмено известување, да нареди секој преработувачки капацитет на земјоделски производи (јавно и транспарентно преку писмено и медиумско информирање) да ги објави своите откупни пунктови и кое правно или физичко лице откупува за нив. Всушност, сето ова треба да се докаже само со ревидирање на документацијата на преработувачите од страна на инспекторатот колку купиле, од кого, колкави количини пребoтени пиперки извезле. Покрај тоа, на местото да има табла со натпис за која фирма се врши откупот, бидејќи само така информацијата ќе допре до земјоделецот и нема да постои обвинувања за институциите.

## Дел производители не ги исполнија условите

Сите преработувачи на индустриска пиперка, како и на домати, феферони, корнишони и гамба, доколку ги исполнуваат условите според Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2008 година, ќе добијат субвенции, велат од Агенцијата за финансиска поддршка и развој на земјоделството и руралниот развој. Оваа мерка, според директорот на Агенцијата, Тони Димовски е наменета исклучиво за производителите, со што се исклучува можноста трговците да се јават како потенцијални корисници на средствата. „Трговците не се целна група на Програмата, туку тоа се производителите. Се разбира, оние производители кои не ги исполнија бараните услови, не добија пари", објаснува Димовски. Неговата колешка, Валентина Ѓошевска, раководител на сектор за директни плаќање во Агенцијата, објаснува дека секоја програма има намена, критериуми, услови и висина на поддршка. Оваа година, за секторот градинарство, конкретно за мерката Финансиска поддршка за производство на индустриска пиперка, домати, феферони, корнишони и гамби предадени во преработувачката индустрија, се исплаќаат 12.000 денари по хектар. „За жал, поголем дел од производителите не донесоа доказ дека своето производство го предале во индустриските капацитети и не го остварија правото на субвенција по овој основ", вели Ѓошевска.


*Откуп на пиперка на пункт*






*Калемењето е успешно*

# Од лист до бостан

**Расадувањето на постојаното место почнува во периодот кога калемениот бостан ќе дојде на големина од четири до пет листа**

Пишува:
Зоран Георгиев

Струмичкиот регион е еден од најголемите производители на бостан во државата. Оваа култура посебно е застапена во селата во подножјето на планината Беласица, како што се Габрово, Колешино, Борисово, Мокриево и Мокрино. Овде, еден просечен производител на бостан има меѓу еден и два хектари.



Калемењето бара трпение и посебни услови

За да се дојде до квалитетен расад, а потоа и до квалитетен производ, потребно е многу време и труд, како и посебна подготовка. Притоа, една од најзначајните фази е калемењето на бостанот. Таа почнува со засадување на таканаречени „лејки". Тие, подоцна, на производителите им служат како основа за производство на расадот за бостан.

Целиот процес почнува со садење на лејките во саксии. Откако ќе дојдат во фаза на два листа, на сува површина и во посебни палети, се засадуваат семките од бостанот. Доколку се е како што треба, во периодот кога бостанот ќе порасне до три листа, тој се калеми на подлогата од лејките. Активностите започнуваат со сечење на стеблото од лејката, која се остава само на два листа. Потоа, таа се засекува, а во меѓувреме, во вид на клин, се засекува и коренот од бостанот. По ова, тој се прицврстува со конец или во последно време, со посебни штипки. Кога ќе заврши процесот на калемење, калемите се покриваат и се остават затворени два до три дена, бидејќи, како што велат производителите, директната светлина може да наштети врз самиот развој на растението. После овие два до три дена, постепено, секое утро, се отвора површината се до моментот кога калемите ќе закрепнат. Според долгогодишното искуство на производителите, откако ќе бидат сигурни дека се поминало како што треба, се преминува кон секојдневното проветрување со цел да се избегне појавата на пламеница. Расадувањето на постојаното место почнува во периодот кога калемениот бостан ќе дојде на големина од четири до пет листа. Искуството покажало дека калемењето е многу важно за квалитетно производство оти така бостанот добива подлога, односно основа со многу посилен коренов систем. Подлогата од лејката е далеку поотпорна на површините каде што се сади, со што се намалува и можноста за појава на одредени болести. Отпорна е на суша и на болести, а се добива и многу подобро производство (далеку подобар квалитет и поголеми приноси во однос кога бостанот се сади директно без примена на калеми).

## Техники на калемење бостан



1. Вплетена техника



2. Странично калемење



3. Јапонска (воздушна) техника



4. Калемење со набодување

# Микроклима во заштитени простори

Пишува:
Томе Тимов, дипл. зем. инж.

## 1 Топлотен режим
### Производно одделение

Температурата на почвата или супстратот од расадување до плодоносење, во текот на денот, треба да изнесува 18-20°C, а навечер таа е 17-18°C. Температурата на воздухот (при сончево време), преку ден, е од 22 до 26 степени, а навечер од 16-18°C. Доколку е облачно, дневната температура е 18-20°C, а ноќната 15-17°C.

За време на плодоносењето, температурата на почвата или супстратот во текот на денот треба да биде 18-20°C, а во текот на ноќта 17-19°C. Температурата на воздухот при сончеви денови треба да изнесува 24-28 целзиусови степени, а во текот на ноќта 18-20°C. При облачни денови, дневната температура треба да изнесува околу 20-22°C, а ноќната 16-18°C.

Минимална активна температура за доматот е 12°C и на оваа температура престануваат физиолошките процеси. Според тоа, во заштитените простори, таа не треба да се симне под 14 целзиусови степени. Максималната активна температура за домат е 32°C. Со понатамошното покачување на температурата се намалува фотосинтезата и опаѓаат цветовите. За да не дојде до температурен стрес, водата за наводнување треба да има 22-24°C.

## 2 Воден режим
### Производно одделение

За време на одгледувањето, влажноста на почвата или супстратот до плодоносење треба да биде 70-75% ПВК (полски - воден капацитет), а за време на плодоносењето 75-80% ПВК. Релативната влажност на воздухот до плодоносењето треба да изнесува 60-70%, а за време на плодоносењето и созревањето 60-65 проценти. Дневната потреба за вода изнесува приближно 4-5 л/м2. Во зависност од должината на вегетацијата и низа други фактори, вкупната потреба за вода изнесува околу 1000-1500 л/$м^2$.

## 3 Светлосен режим
### Производно одделение

Бидејќи доматот е исклучиво хелиофилно (светлољубиво) растение, по расадувањето се неопходни минимум 10.000 лукси (мерка за одредено количество светлина), а оптимално е околу 35.000 лукси. Доматот е растение на кус ден, со минимално траење на денот од 10 часа.

## 4 Воздушен (гасов) режим

За фотосинтетската активност, една од главните компоненти е присуството на јаглерод диоксид во воздухот. Неговата концентрација во воздухот изнесува околу 0,03% и најчесто не е доволно за добивање високи и квалитетни приноси, посебно кога производството се одвива во заштитени простори. Затоа, се препорачува збогатување на воздухот со јаглерод диоксид во период кога условите за фотосинтетска активност се најповолни. При сончево време, концентрацијата на $CO_2$ треба да изнесува околу 0,2-0,3%, а при облачно време, таа е 0,1-0,2%. Дополнителното количество $CO_2$ се внесува во производното одделение од 10 до 11 часот, при релативна влажност на воздухот од 65% и температура од 22-25°C.



*Посебни режими за успешно производство*



# Austin LTD

**Ексклузивен дистрибутер на системи за наводнување**

## John Deere Water Technologies

**Дистрибутер на течни вештачки ѓубрива Алкалоид**

**Телефон: 070 637637**
**Адреса: Тоде Думба 56а Куманово**
E-mail: austin@t-home.mk
Web: www.johndeerewater.com
Web: www.t-tape.com
Web: www.plastro.com

JOHN DEERE WATER TECHNOLOGIES

T-Tape

PLASTRO

ALKALOID SKOPJE





Траки за подземно наводнување





Системи капка по капка Шпагети





Системи против мрзнење



Фогери



Системи за мониторинг, анализа и фертигација

# Наводнувањето е битно за успешно лозарство

Пишува:
**Т. Стојчевски**



*Пред да ги насади лозите, Савовски поставил подземен систем за наводнување „капка по капка"*

Моме Савовски, во атарот на селото Нов Караорман, општина Карбинци, минатиот месец насади 15 хектари нов насад со лозје. Овој акционер во фирмата „Поледелство" објаснува дека штипското поднебје ги има сите климатски и почвени предуслови за одгледување винова лоза. Со ова, тој ја продолжува триесетгодишната традиција на садење лозје во регионот на Карбинци. Савовски насадил „вранец", „мерлот", „шардоне", „кабарне" и „сирах".



*Трака за подземно наводнување*

1. Пред да почне со садење на лозовите насади, Савовски направил анализа на педолошкиот состав на земјата. Професорите од ФЗНХ од Скопје утврдиле дека на земјата и недостига многу азот и мал процент на фосфор и калиум, иако ги задоволува сите останати предуслови (песок, глина, хумус...).

2. По испитувањето, тој набавил садници од двајца различни добавувачи. Врз основа на извршената анализа и според понудените цени, тој купил 50.000 садници, садејќи по 3.200 садници на хектар. Савовски ги садел на растојание од метар и дваесет меѓу лозниците и 2,5 метри меѓу редовите. По длабокото орање за подготвување на површините за садење, овој земјоделец ја нивелирал земјата со тањирача.

3. Пред да ги насади лозите, Савовски поставил подземен систем за наводнување „капка по капка". Вели дека се одлучил за ваквиот систем поради многуте предности во однос на другите начини на наводнување, односно предностите и во споредба со системот „капка по капка" кој се поставува над земја. Со ова, генерално, според Савовски, се превенираат сушните периоди кои следуваат по климатските промени. Водата ќе ја набавува од природен бунар. Со помош на пумпи ќе ја искачува до одредено ниво и оттаму, по природен пад, ќе се слева во насадите.

4. Инвестицијата за поставување на системот „капка по капка" под земја, според Савовски, ќе ја врати за три родни години (од почетокот на експлоатација на лозјето). Исто така, како што се редат плановите на овој крупен земјоделец, тој ќе инвестира во систем за мониторинг, анализа и фертигација. Со тој систем, кој има сонда и мониторинг систем (работи на соларна енергија), самостојно ќе ја испитува земјата и нејзините карактеристики кога сака и од каде што сака. Добиените резултати ги праќа на фертигатор (стациониран на едно место) и резултатите, автоматски, ги добива веднаш. По ова, вели Савовски, системот сам ќе пушти сè што ѝ е потребно за прихранување на земјата.

5. Системот за фертигација се става на 40 сантиметри длабочина. „Процесот почнува со маркирање на површината - каде што одат редовите. Отстрана, барем 30 сантиметри паралелно, се поставува сајла за да се држи правец и со инјектор се ставаат цревата на средината. Цревото е поставено на трактор и се пушта автоматски. Значи, само тројца луѓе го поставуваат цревото за многу брзо време", вели Савовски.

6. Екипата на „Моја Земја" пристигна кај овој земјоделец кога се садеа новите лозови насади. По тракторот кој влечеше цистерна со вода, одеа шест луѓе кои ги правеа дупките, ги пуштаа лозниците и ги затрупува со обично дрво. За брзо време тие насадија огромни површини.

# Регистрирани Америка
# НАЈДОБРИОТ ИЗБОР З

**ЗОШТО ДА КУПАМ РЕГИСТРИРАНИ
АМЕРИКАНСКИ ХОЛШТАЈНИ
ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА?**

- **Подобар квалитет – Повеќе килограми млеко, масти и протеини произведени ефикасно – повеќе профит**
- **Поголем приход наспроти трошоците за храна**
- **Прилагодливост на широк спектар на услови, климатски, финансиски и услови на располагање**
- **Најголемата и најразноврсната генетска популација, сега со докази за поголема сигурност во генот**
- **Добра цена, достапност на семиња, ембриони и живи говеда**

**ЛИСТА НА 100 ВРВНИ БИКОВИ ПО ЗЕМЈИ
Јануари 2009**




**73% од најдобрите бикови во светот доаѓаат од САД**





# нски Холштајни
# А МАКЕДОНИЈА

U.S. Registered Holsteins
FOR MAXIMUM PROFIT


**Holstein Association USA**
Holstein Place, PO Box 808, Brattleboro, VT 05302-0808 USA
4551 • Fax: 802.254.8251 • international@holstein.com • www.holsteinusa.com

# Хибридни трактори

Пишува:
Проф.д-р Драги Таневски, ФЗНХ

**Силниот генератор овозможува снабдување и на надворешните потрошувачи со електрична струја (апарат за електрично заварување, пумпа за полевање на посеви, моторна пила и друго)**

При сегашниот степен на развој на техниката, хибридните трактори реално можат да користат комбинација на погон од мотор со внатрешно согорување и електромотор, кој се напојува со електрична енергија од батерија. Ваков тип трактори во сериско производство сѐ уште не постојат, иако постојат причини за истражување на перспективите на нивниот развој. За разлика од тракторите, автомобилската техника е чекор понапред со хибридниот погон, така што неколку години се произведуваат сериски електрохибридни патнички автомобили. Достигнувањето во автомобилската техника може да биде патоказ кон развој на хибридните трактори. За нивниот развој има малку публикувани податоци, но постојат најавувања за одредени истражувања.

На земјоделскиот саем „Агритехника" 2005 година во Хановер, Германија, компанијата CASE IH ја претстави студијата на електромеханичка трансмисија на трактор со моќ на моторот од 120 kW. Чекор понапред до хибридниот трактор направи компанијата John Deere. Кај тракторите од серијата John Deere 7030 Premium, кај моделите John Deere 7430 и 7530 со ознака (Е), се вградува генератор на електрична енергија кој овозможува производство и користење на електричната енергија за потребите на потрошувачите на тракторот и надвор од него. Генераторот е сместен помеѓу моторот со внатрешно согорување и трансмисијата на тракторот, а добива погон од замавникот на моторот. Произведува електрична енергија со моќ до 20 kW. Напонот изнесува 230 V или 400 V на наизменичната и 14,3 V на еднонасочната струја.

Произведената струја од генераторот кај тракторот се користи за погон на вентилаторот на ладилникот, пумпата за течност, компресорот за воздух (ако тракторот располага со таков уред), пневматската инсталација и компресорот на клима-уредот. Електричниот погон овозможува значително олеснување и управување со овие уреди и се остварува поголем степен на искористеност. Покрај ова, силниот генератор овозможува снабдување на надворешните потрошувачи со електрична струја, како што се апарат за електрично заварување, пумпа за полевање на посеви, моторна пила и друго. Со тоа се овозможува нивна примена надвор од доменот на електричната мрежа за извршување на работи на самите парцели. Со тоа, тракторот претставува подвижен електричен агрегат.

Електричниот задвижувач на двете мешалки, како и автоматското дозирање, се усогласени со брзината на движење на тракторот преку терминалот на управување и растурање во сетот на тракторот.

Во блиска иднина, кога ќе се зголеми примената на овие трактори, се очекува примена на поголем број електромотори кај приклучните машини. Прв пример за вакво решение е вградувањето на електромоторен погон на дисковиот растурач на минерално ѓубре на фирмата Rauch. Растурачот на минерално ѓубре Rauch Axis EDR е прв во светот на електричен погон со напон од 400 V. Благодарение на тракторот кој произведува струја, сите механизми на растурачот - дисковите, мешачот на ѓубрето, апаратот за дозирање, работат преку електрични водови. Секој од двата диска има сопствен електромотор од 400 V и има регулатор за бројот на вртежи.



John Deere 7430


John Deere 7430E


Електромотор за погон

**УНИБанка**

*Банка на клиентот*

www.unibank.com.mk
тел.: 02 3111 111









VOGEL NOOT
SOIL SOLUTIONS

www.vogel-noot.info

sinpeks

**Застапник за Македонија:**
**Синпекс ДОО - 7000 Битола, тел.047 208500 -**
**www.sinpeks.com.mk**

# Огромен степен на сигурност





*Директно сеење*

## Голема предност на оваа сеалка со дискови од предна страна во однос на сестринскиот тип на вакви комбинирани сеалки со вертикална ротациона фреза од предна страна е степенот на сигурност

Производител: Вогел и Нут (најголем производител на плугови во ЕУ)
Земја на потекло: Австрија

**Технички карактеристики:**
**Работен зафат:** 3 метри
**Тежина:** празна 1.900 килограми
**Растојание помеѓу редови:** 12, 5 сантиметри
**Број на редови:** 24
**Капацитет на резервоар за семе:** 840 литри + опција додаток 400 литри
**Монитор со компјутер** за следење на насеаните хектари, дневно, сезонски или во единица време
**Кардан**
**Стандардна опрема** на кратка тањирача со 24 дискови од 460мм, гумени потпори за заштита од камења, можност од штелување на длабина на тањирање и накосување на дискови во линија. Дупли лагери на секој диск, фабрички затворени и заштитени од надворешни влијанија и тројно заштитени од реномираниот производител SK F.
**Ваљак за затрупување** од 500 мм
**Скали за увид во резервоарот на сеалката**
**Можност од оставање на ненасеани трагови** т.н. „Trimline system" - трагови водилки за подоцнежно прскање со хемиски средства

Цената на оваа вакумска сеалка, опремена со дискови од предна страна и ваљак за затрупување, изнесува 20.000,00 евра. Посовремениот тип, дополнително опремен со дупли дискови за секој ред за затрупување на семето, од задна страна изнесува 24.000,00 евра

Сеалка е наменета за сеење житарици и има многу голем капацитет 20ха на ден. Сеалката работи и при брзини од 10-12км/час на орани и припремени површини, како и на неорани и неприпремени површини - директно сеење. Ваков тип сеалка во Македонија се наоѓа во фирмата „Леопард" Штип. Голема предност на оваа сеалка со дискови од предна страна во однос на сестринскиот тип на вакви комбинирани сеалки со вертикална ротациона фреза од предна страна, е степенот на сигурност. Имено, сеалките со вертикална ротациона фреза се карденски машини, преносот на снагата е преку карданот и систем на запчаници, кој по одредена употреба се подложни на голем ризик од кршење. Проблем, кога некој од запчаниците ќе се скрши (поради истрошеност или ако машината надиде на камен), е во изгубе- ното време за негова набавка и неговата замена. За тоа време, машината „стои", не е во функција и се губи драгоцено време „во сезона", во временски услови кои дозволуваат сеење. И втората предност пред сеалките со рото-дрљача е тоа што таа работи и при камениti тла и при влажни услови, затоа што отпорот што се создава при работа со дискови е многу помал отколку кај вертикална ротациона фреза и изискува трактор со помала снага 160 кс.

Сеалката има можност, со додаток од прекривка за вакумскиот дозатор и излезни редни дозатори, да сади и пченка на 75 сантиметри и соодветни култури за ваков тип сеење. Но, се разбира, квалитетот на посаденото нема да биде како со наменска сеалка за пченка од западен тип, затоа што не може точно да се постигне одредената длабина и распоред.



*Ваљак затрупувач*



*Дискови*

Како единствена негативна страна на оваа сеалка ја наведуваме потребата ораната површина за сеење да биде порамната со тањирача со цел да се пополнат разорите од орање.

**Николче Трампевски**

# Културата и земјоделството се во тесна врска

**Настанот ќе се одржи во првата половина на октомври, бидејќи раната есен е период кога убавината на Македонија е во кулминација**

Пишува:
Дарко Караколевски
Претседател на ИААС Македонија

Студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна, во октомври, ќе бидат овогодишни домаќини на ИААС Арт фестивалот, кој претставува платформа за културна размена меѓу земјите-учеснички и можност за промоција на нашата земја, култура, уметност, храна и обичаи. Овој фестивал за првпат се одржал пред две години во Анкара, Турција, а лани домаќини биле студентите од Илиноис, САД. Оваа манифестација преминува во традиција. Националниот комитет на ИААС Македонија подготвува одлична програма за годинашниов Арт Фестивал, каде што учесниците од многу земји ќе може да ги истражат и искусат убавините на Македонија. Насекаде низ светот, културата и земјоделството се во тесна врска, а дел од секоја култура е и уметноста. Многу од студентите своите уметнички таленти ќе ги покажат во неколкуте уметнички колонии. Главен мотив и инспирација за фотографиите, сликите и поезијата ќе бидат недопрените убавини на Македонија, како што се мегалитската опсерваторија Кокино, камените фигури од Куклица - кратовско, манастирот Св. Тројца, село Скачковци, кумановско, Колешинските и Смоларските водопади, Дојран и Дојранското Езеро (каде што гостите од целиот свет ќе се запознаат со традиционалниот начин на риболов), Тиквешкиот и Повардарскиот вински регион (каде што ќе се извршат научни посети на неколку винарски визби) и останати производни и земјоделски локалитети. Настанот ќе се одржи во првата половина на октомври, бидејќи раната есен е период кога убавината на Македонија е во кулминација.

Националниот комитет на Меѓународното здружение на студенти по земјоделски и сродни науки (ИААС) е основан во 1998 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од страна на неколку студенти. Во 2003 година станува полноправен член на ИААС Њорлд, а дотогаш функционира како член-кореспондент со што учествува на размени, работни кампови, семинари и проекти на ФАО и УНЕСКО. ИААС Македонија претставува невладина и непрофитабилна организација која на студентите по земјоделски и сродни науки им нуди можност за професионална надградба и неформално дообразување преку тимска работа, лични искуства, истражувања и подготовка на проекти во областа на земјоделството и сродните науки.


*Студентите во струмичко*

БАЛКАН БИОСЕРТ

АГЕНЦИЈА ЗА КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ, ПРЕРАБОТКИ И ПРОМЕТ

ЕДИНСТВЕНА АКРЕДИТИРАНА ВО МАКЕДОНИЈА И ОВЛАСТЕНА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ул. Даме Груев бр. 5-8/9 Скопје
тел./ факс 02/3239 239
e-mail: balkanbiosert@t-home.mk

# 950 илјади хектари шума во земјава

Пишува:
Бранко Скендерски
претседател на Асоцијацијата
на сопственици на приватни шуми

Во Република Македонија околу 950 илјади хектари се под шума. Од нив, 90% се во државна, а 10% во приватна сопственост. Овие податоци треба да се земат со резерва, затоа што во тек е завршната фаза за изложување на имотите во Агенцијата за катастар на недвижности ширум државата. Од друга страна, многу ниви, ливади и пасишта се обраснати со шума во која може да се врши дури и сеча, но не се пренаменети во шума. Исто така, според некои неофицијални податоци, има вештачки езера, локални и магистрални патишта, кои сè уште се водат како шума. Затоа, државата треба да овозможи услови и законска рамка, со одредена стимулација за пренамена на културите обраснати со шума, бидејќи сопствениците не се мотивирани сами да го сторат тоа.

Со шумите како добро од јавен интерес се стопанисува со посебен Закон за шуми од 1997 година. Со него, сопствениците не се задоволни поради недефинираната сопственост, монополот во менаџирањето со приватни шуми од субјектот што стопанисува со државните шуми, немањето учество и увид во планирањето со шумите, немањето увид, учество и повратна информација за трошење на средствата од простата репродукција што ги плаќаат сопствениците (на име проста репродукција, сопствениците, според законот, плаќаат 80 денари на кубен метар за секој исечен кубен метар дрвна маса). Потоа, финансирањето на заштитата на шумите, валоризацијата на општокорисните функции на шумите, високата цена на услугата што ја плаќаат, апсурдноста во одобрението за продажба на веќе одобрена државна маса за сеча, придружна документација и нејзино дефинирање и многу други решенија кои го прават неприменлив постојниот закон.

Во тек е донесување на нов Закон за шуми, кој се наоѓа во собраниска процедура. Од него очекувавме многу, но од нашите клучни предлози многу малку е внесено во предлог-законот во собраниска процедура. На последното читање на предлот-законот за шуми, кое се одржа минатиот месец, за жал, Асоцијацијата не беше поканета, најверојатно поради тоа што организаторот на седницата не знае дека постои страна за која е наменет законот. Реакциите и незадоволството беа искажани на повеќе начини до сите релевантни институции, при што дојде до средба со ресорното Министерство. Успеавме да договориме дека сите наши забелешки, во вид на амандмани, ќе бидат вградени во новиот Закон за шуми.

За користење на шумите, сопственикот треба да добие одобрение од државата преку субјектот кој стопанисува со државните шуми. Токму тука сопствениците на шуми ја имаат најголемата забелешка, бидејќи субјект кој стопанисува со државните шуми треба да даде одобрение за сеча на дрвна маса на друг субјект - сопственик на шума. Според Националната асоцијација "Приватни шуми", државата се однесува како сопственик на приватните шуми преку Јавното претпријатие "Македонски шуми" и му дава монопол во стопанисувањето со сите шуми, без разлика чија сопственост се.

Во Македонија има околу 55 илјади сопственици на шуми кои имаат во сопственост од декар до стотина хектари. Најголемите сопственици имаат 400 хектари (добиени со процесот на денационализација), но тие сè уште не се членови на Националната асоцијација на сопственици на приватни шуми поради нерасчистени меѓусопственички односи. Сопственик со најголема површина, член на Асоцијацијата, поседува 100 хектари и активно учествува во нашата работа.



*Големи проблеми и долга битка!?*

**Предлози на Националната асоцијација за новиот Закон за шуми**

- одобрение за сеча, испратница и ознака на стеблата или површината да се врши од лиценциран субјект;
- да се изврши валоризација на шумите, односно да се воведе наплата на општокорисните функции на шумите од нивните корисници;
- средствата од наплатата, повторно, да се вратат во шумарството преку подигнување на нови шуми, одгледување на постојните шуми, нивна заштита, планирање во шумарството и многу други активности врз основа на проекти;
- строги правила на замена на државна со приватна сопственост;
- опфаќање на природно пошумените површини под шума со програмата за проширена репродукција;
- планирање во приватни шуми и учество на сопствениците на шуми во изготвување на планови и програми;
- учество и увид на сопствениците на шуми при распределба и трошење на средства што се плаќаат за проста и проширена репродукција.

# Од селски туризам се живее „царски“

**Смоларскиот, Колешинскиот, Габровскиот водопад, Мокринските извори, Моноспитовското блато, многуте цркви, манастири се само дел од природните убавини и културно-историски споменици што ги има струмичко како провокација да се посетат и да се ужива во нив**

Пишува: Сашко Попов

Во последно време, Струмичкиот регион станува сè поатрактивна туристичка дестинација. Нема море, нема езеро, но има природни реткости кои ги воодушевуваат посетителите. Ако до пред десетина години тие беа само привилегија на природата и жителите кои живеат во нивна близина, сега тие се достапни за сите и претставуваат цврста основа за развој на еко-руралниот туризам.

## 5 до 10 евра за уживање

Утврдувањето на цените за престој сè уште претставува проблем за жителите на струмичко. Во Смоларе, барем засега, туристите единствено може да ноќеваат во селски домаќинства по цена од 200 до 300 денари од ноќ. Семејството Костадинови од Габрово, засега, не издаваат соби за ноќевање. На план се да го прошират и реконструираат имотот во селото за да биде поатрактивен за туристите. Тие организираат пречек на туристи, во вклучен ручек и прошетка по околните природни убавини. За ваквата услуга наплаќаат 5 до 10 евра од човек, во зависност од специјалитетите што ги бараат туристите. Велат дека од селски туризам добро живее едно четиричлено семејство во текот на целата година.

Смоларскиот, Колешинскиот, Габровскиот водопад, Мокринските извори, Моноспитовското блато, многуте цркви, манастири се само дел од природните убавини и културно-историски споменици што ги има струмичко како провокација да се посетат и да се ужива во нив.

Благодарејќи на локалните самоуправи и на мештаните од околните села, природните реткости се облагородени и достапни за релаксација и уживање. Токму овие убавини, заедно со живописната Беласица, веќе „на големо„ ги поттикнуваат жителите од подбеласичките села да се занимаваат со селски туризам. Минатото лето широко ги отвори вратите за домашните и за странските туристи, кои беа изненадени од убавините на ова поднебје. Семејството Костадинови од село Габрово се меѓу првите кои сериозно почнаа да се занимаваат со рурален туризам. За три месеци кај нив престојувале дури 100 гости од Холандија и Белгија, кои во организирани групи уживаа во убавините на Габрово, Габровскиот водопад и во селските специјалитети. „Решивме на гостите кои се сместуваат во хотелите во Струмица да им организираме селски традиционален ручек и прошетка по убавините на Беласица. Има многу нешта што треба да се видат. Тие, едноставно, се изненадени од водопадите, климата, а пред сè, од нашата традиционална кујна. Им подготвуваме специјалитет „гонен петел“, односно ориз со домашно пилешко, тавче-гравче, свежа салата и домашна ракија и вино“, велат од семејството Костадинови.



*Уживање во убавините на Македонија*




Слична е состојбата и во селото Смоларе. Таму веќе се издаваат и соби за престој. Граѓаните интензивно инвестираат во прилагодување на своите куќи за идните гости. Постарите жители нудат разновидно овошје, мед, зеленчук и други еколошки производи. Меѓу другото, гостите уживаат и во организираните разновидни спортски манифестации на Смоларскиот водопад.

## Од селски туризам добро се живее

Едукацијата на месното население е еден од главните проблеми за вистинско валоризирање на овие природни вредности. Тие и понатаму гледаат со скепса на оваа гранка, која во светот носи голема заработувачка. Домашните и странските гости уживаат на еден или два дена, што не носи многу добивка за месното население. Затоа, тоа ќе мора посериозно да сфати дека од селскиот туризам добро се живее.

## Групни венчавки покрај Колешинските водопади

На водопадите во Колешино се организираат групни венчавки, како и фестивал на храната и виното. „Ова го правиме за да ги афирмираме овие водопади, а со тоа да го развиеме и селскиот туризам. Општина Ново Село гледа економски развој токму во ова гранка, бидејќи поседуваме природен потенцијал. Водопадите наскоро и ќе се осветлат, а постојано се работи на едукација на месното население за тоа како да се организираат и да прифаќаат гости", вели градоначалникот на Ново Село, Никола Андонов.


*Венчавка кај водопадите, атракција за младите брачни парови*

# Шеријат и пчеларство

(Извод од отоманскиот граѓански закон)



Овие пет параграфа од отоманскиот граѓански закон (Medzelle I ahkjami serije) се однесуваат на пчеларството. Според него, по шеријатот, пчеларите биле заштитени, но исто така и должни на државата да и даваат по десетина од нивното производство на мед.

**Член 903, стр.3:** Ако некој човек си присвои туѓа кошница со пчели, сопственикот на таа кошница си го зема и медот.

**Член 904:** Мед пчелите, кои се сместиле во една градина, припаѓаат на сопственикот на таа градина. Доколку некој го земе и потроши нивниот мед, тој е должен да го надополни.

**Член 1305:** Медот кој ќе биде направен во градината на некој човек, тука спаѓа и бројот на производи, плодови на таа градина, се сопственост на тој човек кој е должен на државата да и даде десетина од производството.

**Член 1306:** Пчелите и медот кои се сместени во туѓа кошница, припаѓаат на сопственикот на таа кошница.

# NETAFIM

## СИСТЕМИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ КАПКА ПО КАПКА





ОПРЕМА СО НАЈВИСОК КВАЛИТЕТ НА ПАЗАРОТ.

ЕДНОСТАВНО РАКУВАЊЕ.

НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТНА РАКА.

ЛЕСНО ОДРЖУВАЊЕ.

ПРЕЦИЗНО ДОЗИРАЊЕ НА ВОДА И ЃУБРИВА.

РЕШЕНИЕ ЗА СЕКОЈ НАСАД БЕЗ ОГЛЕД НА МЕСТОПОЛОЖБАТА И НАГИБОТ НА ТЕРЕНОТ.

НАМАЛЕНИ ПРОБЛЕМИ СО ПЛЕВЕЛИТЕ И БОЛЕСТИТЕ ВО НАСАДИТЕ.

ЗА СИТЕ ТИПОВИ НА ПОЧВА.



Метеоролошка станица

MAGAN-MAK

MAKHTESHIM AGAN

Ексклузивен застапник и дистрибутер за Р.Македонија
**МАГАН- МАК,** СКОПЈЕ
Тел/Факс: 02/ 3216-147 Факс: 3216-158 ; Аптека: 02/2557-650

**Почитувани претплатници,**
Ве молиме, во купонот одговорете на прашањето *„што најмногу, а што најмалку Ви се допаѓа во списанието“* и одговорот, заедно со потполнетиот купон и уплатница (образец ПП 10), пратете ги на:

**ФФРМ Медија**
**"Гиго Михајловски" бр. 3**
**1000 Скопје**

**Со овој купон, неотповикливо, се претплатувам на:**

**- 3 броја** **- 6 броја** **- 12 броја**

Претплатата ја уплатив на жиро сметка на ФФРМ Медија, број 250005000048538, депонент Инвест банка, со назнака „Преплата за списание Моја Земја“ (Образец ПП 10) од:

Име и презиме

Адреса:

Телефон

Тримесечна претплата за списанието „Моја Земја“ - 150 денари, со ДДВ
Шестмесечна претплата за списанието „Моја Земја“ - 250 денари, со ДДВ
Дванаесетмесечна претплата за списанието „Моја Земја“ (членови на ФФРМ) - 550 денари, со ДДВ
Дванаесетмесечна претплата за списанието „Моја Земја“ (останати читатели) - 850 денари, со ДДВ

(За дополнителни информации, контактирајте нè на телефонскиот број 02/ 30 99 042)

„Моја Земја“ и „Toka Ime“ Ви овозможуваат БЕСПЛАТНО огласување. Доколку сакате да купите, продадете или да најдете нешто, Ве молиме, исечете го овој купон и пратете го на следнава поштенска адреса:
**Редакција на списание „Моја земја“ или „Toka Ime“**
**Улица „Гиго Михајловски“, број 3**
**1000 Скопје**

## КУПУВАМ - ПРОДАВАМ - БАРАМ

За огласот да биде објавен во наредниот број на списанијата „Моја Земја“ и „Toka Ime“, БЕСПЛАТНИОТ купон треба да пристигне до редакцијата, најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

Огласот треба да содржи максимум 15 зборови, а доколку имате поголем оглас, тогаш контактирајте ја редакцијата на 02/3099042.

Освен преку пошта, купонот може да го пратите и на следнава маил адреса: todor.stojcevski@ffrm.org.mk




## Нов информативен прилог во „Моја земја"

**„Моја земја" и програмата АгБиз (финансирана од УСАИД) започнаа соработка со која ќе се овозможи зголемување на содржината на списанието со информации од регионалните пазари за земјоделски производи. Оваа соработка ќе ја збогати содржината на списанието со релевантни интересни информации за земјоделците (примарни читатели на „Моја земја"), но и за новите читатели како што се преработувачите и трговците со земјоделски производи (примарни клиенти на АгБиз). АгБиз преку разни видови активности ги поддржува агробизнисите за да го зголеми нивниот капацитет за преработување, маркетинг и извоз во следните синџири на вредност: свеж зеленчук и овошје, преработен зеленчук, диворастечки шумски производи и вино во шишиња. АгБиз и „Моја земја" ја започнаа оваа иницијатива за обезбедување на регионални пазарни информации со верување дека оваа услуга ќе стане одржлива и широкоприфатена, затоа што пазарните информации отсекогаш биле и ќе бидат важен дел од работата на агробизнисите како и на земјоделците.**

## Се очекува голем принос на овошје

Србија

Професор Зоран Кесеровиќ, директор на Одделот за овошје и лозарство на Земјоделскиот факултет во Нови Сад, откако е направена проценка на родноста во Србија, изјави дека шансите за извоз на јаболкото, како и на друго овошје, се големи и дека ваквиот потенцијал од 200.000 хектари треба да се зачува до бербата. Од извозот на овошје, годинава, се очекува приход од повеќе од 500 милиони американски долари. Според Кесеровиќ, овошјето ја помина зимата без штети, добро издржува во продолжената ладна клима и само мраз или град би можел да го смали приносот.

*Извор: www.poljopartner.rs*

## Се зголемува производството на јагоди

Грција

Во рок од една година, култивирањето јагоди значително е зголемено во регионот на Манолада и Пелопонез. Поточно, информацијата дадена од Министерството за земјоделство на Грција вели дека иако во 2004 година јагодата е култивирана на помалку од 200 хектари, за само четири сезони оваа бројка е зголемена на 600 хектари. Во претходните три години, грчките јагоди започнаа ново патување на многу европски пазари, оставајќи ги задоволни потрошувачите што ги пробале. Потрошувачите во Русија покажаа посебен интерес кон грчките јагоди и како резултат на тоа, поголемиот дел од извозот лани е направен на тој пазар. Нова Манолада е главниот центар за производство на јагоди под пластеници. Речиси целото производство, поточно околу 95% од јагодите, се произведува токму во овој регион.

*Извор: www.fruktidor.com*

## Поради лошото време, помалку вино во ЕУ

Франција и Шпанија

Производството на вино во земјите на ЕУ ќе се намали во следната, 2008/09 година за 1%, како последица на неповолните временски услови во Франција и Шпанија, прогнозира Министерството за земјоделство на САД. Европската Унија, во тековната година (која завршува на 31 јули) ќе произведе 160,2 милиони хектолитри вино, што е за процент помалку во споредба со лани кога изнесуваше 161,7 хектолитри. Истиот извор прогнозира дека следната година производството ќе се зголеми на 162 милиони хектолитри во земјите на Унијата. ЕУ е најголем производител, потрошувач, увозник и извозник на вино. Според истиот извор, овој регион произведува околу две третини од вкупното производство и во него се наоѓаат половина од виноградинарските насади. Италија годинава стана светски лидер за производство на вино по смалувањето на производството во Франција и Шпанија. Оваа држава, во тековната сезона, ќе го зголеми производството на 45,5 хектолитри, додека во Франција овој показател ќе се намали за 6%, а во Шпанија за два процента.

*Извор: www.poljopartner.rs*

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
AgBiz Program

Мислењата изразени во регионалниот пазарен информатор не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

ФФРМ Медија

## Високиот економски стандард не е показател за нивото на потрошувачка на здрава храна

Табелата прикажува пресметка на вкупната потрошувачка на буџетот за храна и делот на потрошувачкиот буџет за овошје, зеленчук, пијалаци и тутун за некои земји. Ова истражување е направено од Министерството за земјоделство на САД. Најголеми потрошувачи на овошје и зеленчук, од оваа група на земји, се Бугарија, Турција, Албанија и Романија, додека најголеми потрошувачи на пијалаци и тутун се Германија, Грција и Словенија. Според статистичките податоци на ООН, вкупниот увоз на овошје и зеленчук во 2007 година во Бугарија е околу 181 милиони УСД, во кој македонското учество е 7,4% или приближно 13,5 милиони УСД. Во Албанија, вкупниот увоз е околу 80 милиони УСД, а македонскиот извоз учествува со 4,7% или околу 3,7 милиони УСД. Земајќи го предвид растојанието меѓу Македонија и овие две земји, постојат реални можности извозот од нашата држава да се зголеми, се разбира, доколку македонските производители и извозници го задржат темпото на исполнување на бараните стандарди од ЕУ.

*Извор: АѓБиз*




## Мало покачување на цената на јаболката

Полска

Цените на полските јаболка, наменети за извоз, при крајот на минатиот месец забележаа мало покачување. Цените на црвените сорти, пакувани во картонски кутии од 70 кг+ изнесуваше 0,19 - 0,21 евра по килограм, додека на златниот делишес 0,39 евра по килограм. Покачувањето на цените не е големо и беше очекувано. Трошоците за складирање на јаболката се покачуваат заедно со продолжувањето на периодот на складирање, што резултира со повисоки цени на јаболкото.

*Извор: www.fruktidor.com*

**Големопродажни цени во Белград во април 2009 (во динари)**

| Производ | Потекло | Цена |
|---|---|---|
| Домати | Турција | 150 |
| Пиперки | Турција | 250 |
| Пиперка (бабура) | Турција и Италија | 200 |
| Црвена пиперка | Италија | 220 |
| Лута пиперка | Грција | 400 |
| Краставици | Италија / Македонија | 150 / 140 |
| Зелка | Домашно / Македонија | 90 / 38 |
| Јаболко Ајдарет | Домашно | 50 |
| Јаболко Златен делишес | Домашно | 60 |
| Јаболко Црвен Делишес | Домашна | 65 |
| Грозје | Ј. Африка | 280 |

1 Евро - 95 динари

Извор: www.stips.minpolj.rs.gov.yu

**Големопродажни цени во Подгорица во април 2009 (во Евра)**

| производ | Мин | Макс | Просек |
|---|---|---|---|
| Јаболко Ајдарет | 0.35 | 0.48 | 0.42 |
| Јаболко Грени Смит | 0.80 | 0.80 | 0.80 |
| Јаболко Златен Делишес | 0.58 | 0.70 | 0.64 |
| Јаболка Црвен Делишес | 0.75 | 0.85 | 0.80 |
| Трпезно бело грозје | 2.20 | 2.40 | 2.30 |
| Трпезно црно грозје | 2.40 | 2.60 | 2.50 |
| Домати | 1.15 | 1.30 | 1.23 |
| Пиперка | 2.00 | 2.50 | 2.25 |
| Пиперка (бабура) | 2.35 | 2.60 | 2.48 |
| Краставици | 1.48 | 1.50 | 1.49 |
| Зелка | 0.35 | 0.35 | 0.35 |

Извор: www.amiscg.org

**Продажни цени во Албанија во април, 2009 (цените се во во Леки)**

| производ | Тирана | Драч | Валона |
|---|---|---|---|
| Јаболко Ајдарет | 68 | 68 | 68 |
| Грозје | 200 | 200 | 280 |
| Домати | | 100 | 100 |
| Пиперка (црвена) | 195 | 170 | |
| Пиперка (бабура) | 230 | 205 | 180 |
| Краставици | 245 | 200 | 230 |
| Зелка | 40 | 30 | 30 |

1 Еуро - 134 Леки

Извор: www.greenmarket.al

| Големопродажни цени во Бугарија во април 2009 (во американски долари) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Град | Софија | | Варна | |
| Производ | Потекло | Цена во долари | Потекло | Цена во долари |
| Домати | Бугарија / Турција | 1.80 / 1.40 | Бугарија / Турција | 1.83/1.62 |
| Пиперки (зелени) | Шпанија | 3.72 | / | / |
| Пиперки (црвени) | Турција | 3.04 | Турција | 3.04 |
| Краставици | Бугарија | 1.35 | Бугарија | 1.29 |
| Зелка | Бугарија / Македонија | 0.37 / 0.27 | Бугарија / Македонија | 0.27 / 0.27 |
| Јаболко Ајдарет | Македонија | 0.41 | / | / |
| Јаболко (златен делишес) | Италија/Македонија/ Полска | 1.01/0.47/0.68 | Италија/ Грција | 1.35/1.08 |
| Јаболко (црвен делишес) | Италија | 1.76 | / | 65 |
| Грозје | Калифорнија | 2.57 | Калифорнија | 3.04 |

Извор: www.ams.usda.gov

| Големопродажни цени во Хрватска во април 2009 (во куни) | | | |
|---|---|---|---|
| Производи | Осијек | Сплит | Загреб |
| Домати | 12.58 | 13.17 | 14.00 |
| Пиперки | 23.00 | 17.50 | 17.00 |
| Пиперка (бабура) | 26.00 | 17.50 | 25.00 |
| Краставици | 12.67 | 12.67 | 11.50 |
| Зелка | 2.93 | 3.17 | 2.75 |
| Печурки | 21.00 | 22.00 | 18.00 |
| Јаболко Ајдарет | 5.38 | 4.33 | 5.00 |
| Јаболко Јонаголд | 5.00 | 6.00 | 5.00 |
| Јаболко Златен делишес | 6.10 | 7.00 | 5.25 |
| Јагоди | 30.00 | 27.00 | 25.00 |
| Грозје | 22.67 | 21.00 | 21.00 |

1 Евро - 7.4 Куни

Извор: www.tisup.mps.hr

## Ланецот „Carrefour" ја отвора својата прва продавница во Бугарија

Во моментов се развива здрав и возбудлив сојуз меѓу источните и западните моќници на малопродажбата. Европскиот, втор по големина ланец на супермаркети, „Carrefour", го отвора својот прв супермаркет во Бугарија. „Carrefour" групацијата потпиша договор за времетраење од 33 години за закуп на 9,300 м² од „Grand Mall" од Варна. „Carrefour" ќе биде најголемиот супермаркет во Варна, додека „Grand Mall", најголемиот трговски центар во Бугарија, со 150,000 м². Комплексот ќе биде изграден на пет нивоа и ќе има 150 продавници, киносала, ресторани, кафе-барови, игротеки за деца и фаст-фуд ресторани.

*Извор: www.fruktidor.com*

| Промет на берзата во Нови Сад од 13 до 16 април 2009 година | | | |
|---|---|---|---|
| производ | понудена количина | продадена количина во тони | Финални цени во дин/кг со ДДВ |
| пченка,вештачки сушена ЈУС квалитет, род 2008. ринфуз | 1 758 тони | 938 тони | 9,94- 10,26 дин/кг |
| соја зрно, ринфуз | 215 тони | 178 тони | 35,10 дин/кг |
| Пченица меркантилна, ЈУС квалитет род.2008. ринфуз | 433 тони | 100 тони | 11,02 дин/кг |
| Сончогледова сачма мин.33% протеини ринфуз | 50 тони | 50 тони | 9,91 дин/кг |
| **1 Евро = 94,25 Динари** | | | |

| Цени на берзата во Будимпешта 21 април 2009 година | |
|---|---|
| Пченица | 107,20 ЕУР/т (futures мај 09) |
| Пченка | 110.66 ЕУР/т (futures мај 09) |

| Цени на берзата во Euronext во Париз на 16 април 2009 година | |
|---|---|
| Пченица | 135,75 ЕУР/т (futures мај 09) |
| Пченка | 136,75 ЕУР/т (futures јун 09) |

Движење на цената на мајскиот фјучерс на пченицата
на берзата во Чикаго од 08.01 до 16.04 2009 година




Движење на цената на мајскиот фјучерс на пченицата
на берзата во Чикаго од 08.01 до 16.04 2009 година




Фјучерси се нарекуваат стандардизирани договори за купување или продажба на одредена количина стока по утврдена цена и одреден рок во иднина


finance central europe
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2004
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2005
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2006
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2007
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2008
ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ
Член на Групацијата triglav
ОСИГУРАЈ ГО СВОЈОТ КАПИТАЛ,
И ПРЕПУШТИ ГО ВО СИГУРНИ РАЦЕ!


ХОРИЗОНТИ
МИКРОКРЕДИТИРАЊЕ
АГРО КРЕДИТ
за земјоделци
КРЕДИТИ ДО 300.000 ДЕНАРИ
РОК НА ОТПЛАТА ДО 36 МЕСЕЦИ
0% ПРОВИЗИЈА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА
МОЖНОСТ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ БЕЗ ЖИРАНТИ И ХИПОТЕКА
www.horizonti.org.mk
Скопје – Центар
ул. Рампо Левката 14
тел.: 02/ 30 93 371
Струмица
ул. Дебарска 6
тел.: 034/ 34 01 67
Велес
ул. Владимир Назор 28
тел.: 043/ 21 18 18
Битола
ул. Жикица Јовановиќ – Шпанац 146 а
тел.: 047/ 20 37 25
Скопје – Шуто Оризари
ул. Гарибалди 25
тел.: 02/ 26 51 269
Гостивар
ул. ЈНА 21
тел.: 042/ 22 10 17
Кочани
ул. Димитар Влахов 72
тел.: 033/ 27 85 56
Прилеп
кеј 9-ти Септември 36
тел.: 048/ 42 77 14

# Tercel®

сега постои

**подобар начин на заштита...**



ОРИГИНАЛНИ ПРОИЗВОДИ

СО ВРВЕН КВАЛИТЕТ

**Tercel** е нов високо ефикасен системичен, контактен фунгицид со превентивно делување формулиран во облик на водорастворливи гранули (WG) кој содржи 120г/кг активна материја дитианон и 40г/кг активна материја пираклостробин. Се користи во насадите од јаболка за сузбивање на предизвикувачите на чадлива краставост на листот и плодот *(Venturia inaequalis)* и пепелница *(Podosphaera leucotricha)*.

ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ
Поштенски фах 11
1400 Велес, Македонија
тел: 043/212-552; 212-553
факс: 043/243-210
e-mail: hemomak@t-home.mk

BASF

The Chemical Company